**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,04 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во слата, да влезат и да си ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Уше еднаш ги миолам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници, ја отворам Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Ристо Панов, Трајко Вељановски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Хазбије Ибиши, Али Ахмети, Фазли Велију, Данаел Дончев, Весна Бендевска, Илинка Митреева, Јани Макрадули, Садула Дураку, Лазар Китановски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Љубчо Георгиевски и Садула Дураку, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Копчето го притиснале 57 пратеници, но очигледно е дека имаме кворум.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканете Претседателот на Република Македонија,претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 80, 81, 82, 84, 85 и 87-та седница на Собранието, ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 80, 81, 82, 84, 85 и 87-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Според тоа за денешната седница о предлагам следниот дневен ред.

1.Предлог на закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

2.Предлог за донесување на закон за изменување идополнување на Законот за вуџетите, со Предлог на закон.

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартииод вредносрт, со Предлог на закон.

4. Предлог за донесување на закон за условен пристап до заштитените електронски услуги.

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон.

6. Предлог за донесување на закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон.

7. Предлог на закон за рибарство и аквакултура.

8.Предлог за закон за сточарство.

9. Предлог за донесување на закон за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги, со Предлог на закон.

10.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон.

11.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, со Предлог на закон.

12.Предлог за донесување на закон за концесии ии други видови на јавно приватно партнерство,со Предлог на закон.

13.Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон.

14.Предлог за донесување на закон за образование на возрасните, со Предлог на закон.

15.Предлог за донесување на закон за вонпарнична постапка, со Предлог на закон.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Повелете господине Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

На 31 декември 2007 година, во јавноста беше пласирана една штура информација за, наводно, исплаќање на 40 милиони денари од страна на Владата на Република Македонија, на Рафинеријата ОКТА.

Како и првиот договор од 1999 година и овој договор, очигледно беше направен во комплетна тајност, конспиративност, со желбата да помине што е можно потивко и да не биде забележан, како од страна на политичките партии, така и од страна на граѓаните. Токму затоа на оваа седница, по завршувањето и изгласувањето на европските закони, бараме последна точка 16, да биде точка на која сакаме да расправаме по Информација за купопродажниот на Рафинеријата ОКТА, со дополнување за последниот договор за исплата на 40 милиони долари.

Очигледно дека она што се случи на 31 декември е одамна планирано, дека пазарот е направен претходно и токму затоа министерот за финансии, несоопштувајќи, кога расправавме за прераспределбата на 45 милиони евра, ниту за новиот Буџет на Република Македонија, ваквата инфорамција воопшто и не ја спомна.

Од каде се,господине министре, овие 40 милиони долари. Со која одлука, вие господине министре

го поткрепивте ова исплаќање, зошто за тоа не ја информиравте македонската јавност, зошто не ја направивте отворена седницата на Владата,кога расправавте за оваа одлука.

Да ве потсетам дека по објавувањето на одлуката на Арбитражниот суд, Владата на Република Македонија излезе со одлука дека формира комисија предводена од Зоран Ставрески, Комисија на експерти, со која треба да се реши ова прашање. Тогаш грчкиот газда велеше јас ќе излезам какопобедник, работата е веќе завршена и беше во право.

Владата на Република Македонија не само што донесе одлука за 40 милиони долари за исплаќање на штетата која е по однос на судска одлука, туку ја задржа одлуката за задолжителен откуп на 500 илјади тони мазут. Зошто господине министре тоа останува.

Второ, Владата на Република Македонија се согласи да се пролонгира траењето на постоечкиот, или поточно речено уште година ипол ОКТА да може да продава штетно, скапо и нееколошко гориво и тоа на сметка на македонските граѓани.

Јасно е дека коалицијата ВМРО-ДПМНЕ - ОКТА, од 1999 година повторно е на сцена, 2007 година крајот, 2008 година почетокот. Ако тогаш ВМРО-ДПМНЕ и ОКТА се договорија да ја опљачкаат Републиката и граѓаните, сега господине минситре вие се договоривте да ја доопљачкате дежавата и граѓаните и воедно да продолжите да ги труете граѓаните и тоа со амин токму на Владата на Република Македонија.

Мојот предлог, во име на СДСМ е последна точка да биде информација за купопродажниот договор на Рафинеријата ОКТА. Таа точка ја баравме од август месец 2007 година, сега ја дополнуваме во продолжение, со последниот договор меѓу Владата на Република Македонија и ОКТА, за исплата на 40 милиони долари и остатокот на бенефициите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам .

Ви благодарам за прецизната формулација што ја дадовте на вашиот предлог.

Господо пратеници, го слушнавте предлогот на господинот Ивановски.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, за гласале 22, воздржани 2, против 48.

Според тоа предлогот не е усвоен.

Следен,претпоставувам за процедурална интервенција е господинот Владо Бучковски, повелете вашите три минути.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Мојот предлог е во врска со транспарентноста односно јавноста на работењетона Владата, затоа што видов вчера, Владата многу милува да биде транспарентна и ме зачудува зошто бега од тоа да даде одговор на која основа исплати 40 милиони долари преку ноќ.

Моето барање е, последна точка, бидејки отпадна предлогот на колегата Ивановски, да расправаме за тоа со чија дозвола вчера беше узурпиран собранискиот  канал, ако е дадена дозволата колку Владата ќе плати на Собранието за дитекниот пренос кој траење 11 часа.

Второто мое барање за таа инфорамција е да го задолжиме нашиот јавен сервис МРТВ, да ни каже, затоа што не видов дека постои на кајронот знакче дека е бесплатно емитувањето, колку Владата плати за краткометражниот филм на кој,на 31 декември, три пати во време траење од 30 минути.

На 1 јануари 2008 година, исто така имавме краткометражен филм.Претседателот на Владата наместо да честита Нова Година, ни даваше отчет штоправел во 2007 година.

Значи, бидјеки станува збор за два груби упати во јавниот сервис, како прво и второ во собранискиот канал, сметам дека за да можеме да продолжиме во духот на ферплејот и понатаму да знаеме дека се ќе биде јавно и транспарентно, мора да имаме одговор на овие прашања.

Мојот предлог е точка 16 да биде инфорамција што треба да ја даде, можеби претседателот или потпретседателот Бесим Догани, дали тие дадоа дозвола вчера да имаме 11 часовен директенпренос од седница на Владата на нашиот канал, што според мене е недопустливо,

Второ јавниот сервис, време е Сајовиц или кој е од вашите таму таленти, да даде одговор колку Груевски плати за неговите новогодишни честитки.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на господинот Бучковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, за гласале 21, воздржан 1,против 55.

Според тоа констатирам дека предлогот не помина.

Предложениот денвен ред го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, за гласале 69, воздржан 2, против 3.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на закон за спречување на перење Парии други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела и Собранието ви се доставени однсоноподелени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 точка 2, поточка А, член 4 став 3 алинеја 5 и на член 48 став 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на законот.

Се извинувам, не забележав,процедурално за збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, согласно член 74 од Деловникот за работа на ова Собрание, барам точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартииод вредносрт, со Предлог на закон, да се помести после Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, заради тоа што, кога дојдовме на седницата пред нас најдовме амандмани доставени до Валдата кои на нас не ни беа најавени и ни е потребно дополнително време за да видием дали амандманите се во согласност со договорите и усогласувањата кои беа правени помеѓу работните групи, меѓу политичките апртии во ова Собрание.

Барам подршка од 10 пратеници оваа точка на дневен ред, Законот за хартииод вреднсот, да се помести после Царинскиот законик, за д award можеме добро да ги погледнеме амандманите кои се доставени од Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам .

Имате подршка од 10 пратеници?

Имате.

Предлогот, точката 3 -Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартииод вредносрт, со Предлог на закон, да се стави после точка 10 Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон. Тоа значи точката 3 да стане точка 11, а другите точки соодветно да си го заземат своето место.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, за гласале 71, воздржано 1, против 5.

Според тоа, констатирам дека предлогот е прифатен.

**Продолжуваме со првата точка - Предлог на закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени.

Отварам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно правната комисија, поднесе амандмани на член 2 точка 2 поточка А, член 4 став 3 алинеја 5 и на член 48 став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Збор има господинот министер за финансии Славески.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Сосема накратко почитувани пратеници, на почетокот да ја поздравам одлуката односно договорот на оваа седница да се разгледаат повеќе важни закони кои се надевам ќе ја доближат Република Македонија до стандардите на Европската унија. Еден од нив е овој закон за кој што сега сакам да поднесам кратко неколкуминутно експозе.

Значи станува збор за законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Почитувани пратеници, законот одеше во две фази. Сега е на дневен ред Предлогот на законот.

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, постојат неколку причини за усвојување на овој предложен закон.

Првата можеме да ја лоцираме во Акцискиот план за европско партнерство кое ја наметнува обврската за усогласување на овој закон со релевантните меѓународни инструменти.

Исто така постои потреба од хармонизирање на нашето национално законодавство со одредбите од Варшавската конвенција, Третата директива на Европската унија и 40-те препораки на странатa Ф и 9-те специјални препораки на страната Ф за спречување на финансирање на тероризам.

Како последна и секако не помалку важна причина за донесување на овој закон претставува потребата да се регулираат одредени односи кои не беа регулирани со постоечкиот Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело кој беше донесен во 2004 година и објавен во Службен венсик број 46 од таа година.

Со оовј Предлог Дирекцијата за спречување на перење пари се преименува во Управа за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам.

Од аспект на работењетона Управата како новина во овој Предлог се воведува нејзина надлежност по потреба да врши супервизија над определените субјекти.

Предлогот што е пред вас наметнува построги мерки кои треба да ги преземаат задолжените субјекти. Овие мерки се однесуваат на процедурите на анализа насочени кон подобро запознавање на својот клиент. Предвидени се прецизно случаите кога субјектите спроведуваат поедноставна анализа на клиенти и кога таа анализа е засилена. Мерките на засилена анализа се применуваат кога ризикот од перење пари е повисок односно во три ситуации и тоа:

Кога клинетот не е физички присутен за целите на идентификацијa.

Второ, кога банките воспоставуваат коресподенски банкарски односи и

Трето, кога субјектите стапуваат во деловен однос со политички експонирани личности.

Во насока на што поквалитетно исполнување на законските обврски, се предлага задолжените субјекти во својата внатрешна организација да поставаат посебни оддели кои ќе работат на

имплементација на овој закон и заштита на репутацијата на својот систем.

Владата во борбата против организираниот криминал и тероризмот, со овој предлог ги определува сите мерки кои се однесуваат на перењето пари да се применуваат и за спречување на финансирање на тероризам.

Заради достојна примена на одредбите од меѓународните конвенции предвидени се две привремени мерки. Тоа се, за перење на трансакцијата, како и привремена заплена на парите или имотот што се нејзин предмет.

Овие мерки ги определува судот во кратки рокови, заради нивната чувствителност и заради засегање во правата и материјалните интереси на клиентите. Овој предлог предвидува основи овие мерки да се применуваат кога тоа го бара надлежен орган на странска држава.

Ценети пратеници, Владата на Република Македонија цврсто верува дека со овој закон ќе придонесе да дојде до позитивен пресврт во борбата против организираниот криминал, па затоа предлагаме истиот да биде усвоен.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

За збор се јави госпоѓа Радмила Шеќеринска, повелете.

**Радмила Шеќеринска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дозволете ми да ви ја честитам новата година и да посакам поквалитетно и поефикасно Собрание.

Ќе кажам неколку збора за Законот кој што е прва точка од дневниот ред, меѓутоа сакам да кажам и некоклу реченици кои што се однесуваат на сите закони кои што се наоѓаат на денешнава седница. Денес на дневен ред се 15 закони кои што се дел од тн., Европска агенда и сакам да го поздравам фактот што Собранието одлучи на почетокот на 2008 година да закаже посебна седница која што следи после одржаната седница на Комисијата за европски прашања на која што приоритет им се даде на 15 закони кои се европски, кои инаку беа расфрлени низ повеќе почнати, а недовршени собраниски седници.

Во јавноста се направи многу врева околу тоа колку Собранието е ефикасно или не е ефикасно кога ги гласа европските закони. Мислам дека дозволивме да се создаде една какафонија предизвикана од Владата, меѓутоа, помогната и од некои пратеници, кои прво се грижат за своите политички партии, па ги гледа и се групираат како во партиски кружок, отколку за улогата, местото и значењето на Собранието на Република Македонија, па и нивната позиција како пратеници. Велам, сакам да го изразам моето задоволство што најпосле имаме ваква седница, меѓутоа и да ги потсетам граѓаните на Република Македонија но и колегите пратеници дека предлог за вакви посебни седници на Собранието на Република Македонија стои на нашата маса од март 2007 година. Значи, во март 2007 година пред цели 10 месеци СДСМ како партија во опозиција предлози наместо Собранието да губи време на дузина непотребни или помалку потребни закони, да се сконцентрираме на тие закони кои што ни се приоритет. Од март поминаа 10 месеци, во исто време Владата не критикуваше зошто не ги гласаме, а во исто време ги стимулираше пратениците, членови на парламентарното мнозинство да не гиј изгласаат заклучоците предложени од опозицијата. И, ние денес со десетмесечно задоцнување имаме ваква европска седница само заради тоа што парламентарното мнозинство не сакаше да имаме порано. Инаку, овие закони можеа да бидат донесени во јуни, можеа да бидат донесени во септември, можеа да бидат донесени до крајот на 2007 година. Меѓутоа, Владата очигледно имаше поинаков план. Владлата имаше план да не работи на приоритетите, да работи на своите партиски приоритети, меѓутоа во исто време со прст да покаже кон Собранието на Република Македонија дека тука лежи ткивото, тука лежи причината за неефикасност на политичкиот систем во Македонија. Тогаш, од тој период датира легендарната изјава на нашиот премиер, која ја кажал и во Брисел, бидејќи се пофали кога се врати дека сите закони предвидени со Европската агенда биле во Собрание и биле заглавени заради тоа. Се покажа дека и оваа изјава, како и многу други се дел од веселата математика, но не точна математика на господинот премиер. Кога опозицијата излезе со записник на Владата на Република Македонија во која што стои дека само 18 зкони дел од нашата Европска агенда не поминале низ Собранието на Македонија, тогаш од власта односно од господинот задолжен за тендери, незгодни прашања и заостанати закони, господинот Ставрески, го добивме вистинскиот одговор дека Владата нема одговор на тоа пратеничко прашање. Значи, апсолутно беше неточна тезата дека Собранието ги акумулира европските закони, кои што заради тоа не може да се донесат. 18 закони само биле во собраниска процедура, од нив денес и утре треба да ги поминеме сите. Меѓутоа, сите овие 18 и други закони можеа да бидат донесени порано ако тоа го сакаше парламентарното мнозџинство. Меѓутоа, она што е интересно е што премиерот продолжува во ист стил, освен тоа што го злоупотребува јавниот сервис и освен тоа што прави очигедно бесплатна партиска програма, тој и во честитката за нова година не издржа да направи разлика помеѓу власта која што работи за доброто на граѓаните и Собранието кое што и става сопки.

Господа претставници на Владата, денес би сакала да чујам зошто во Македонија три месеци говориме за ови 15 закони кои се во Собрание и подоцна ќе кажам зошто се во Собрание, а зошто не правиме муабет за 23 закони кои што Владата требаше да ги достави до Собранието во 2007, а од нив, уште не сме виделе ни траг, ни глас. Како тоа Владата си ја заборава својата домашна задача, а секоја недела, секој ден при секое појавување на премиерот не потсетува на нашата. Господине претседател, потсетете ги пратениците

дека дискутираме за друг закон, не го следат дури ни дневниот ред нашите колеги пратеници. Значи, овој дел од однесувањето и изјавите на премиерот се континуитет на веселата математика на првите луѓе во Владата. Како што се зборува за 18-те закони, а не се спомнуваат 23-те закони кои Владата ги заборавила правејќи парада, а не работејќи, слично така премиерот ни ветуваше намалување на цени од 160%. Магистарот на економски науки сака да не убеди дека кога ќе влеземе во продавница, наместо да платиме нешто, ќе ни даваат 60 денари на 100 денари ќе ни даваат во кеш да си заминеме дома. Тој тип на весела математика, ова Собрание треба да го демантира. Затоа велам, дека нашата задача треба да биде да ги усвоиме законите, меѓутоа и да видиме дали овие закони се навистина дел од европските приоритети.

Јас сакам да поздравам неколкумина министри кои беа подготвени да ги разгледаат сериозно забелешките на опозицијата и да заклучат дека навистина во еден дел законите не биле целосно усогласени со европското законодавство. Мислам дека апостигнавме добар напредок и на Комисијата за европски прашања и во директните контакти и дека на денешната седница ќе ги поминеме 15-те закони, ама тоа ќе бидат 15 подобрени закони. Тоа покажува дека ако кон Собранието пристапиме како што треба дека тогаш и само тогаш можеме да имаме европски закони. Меѓутоа, ако се прави од овие закони фетиш и ако се каже со самото тоа што има европско знаме законите не треба да ги читаме, тогаш Владата ќе и направи голема штета и на Република Македонија и на нејзините европски планови.

Сакам сега да кажам и неколку збора конкретно за овој закон. (Реакција од пратениците). Претседателе, би ве замолила да ги опомenете пратениците кои не ги читаат законите, меѓутоа знаат самно да дофрлуваат од место. Значи, имаме закон кој што е многу важен, кој што е дел од приоритетните области на Европската агенда и би сакала да ја изразам поддршката на СДСМ на овој закон, меѓутоа овој закон може да остане мртва буква на хартија ако власта и институциите задолжени да ја спроведуваат оваа проблематика, се однесуват како до вчера. Ние можеме да донесеме илјада закони, меѓутоа проблемот е што не се однесуваме ни малку европски, ниту во ова Собрание ниту во Владата на Република Македонија. Двојните стандарди не се дел од нашата европска агенда. Не може Влада да се фали и да биде транспарентна, со тоа што една седница ќе ни се пренесува директно преку нашиот канал, а од друга страна на 31 декември кукавички да се носат одлуки на затворена седница на Влада и да се смета дека тоа ќе го заборавиме бидејќи е дел од 31 јануари 2007 година. Не може Владата да биде танспарентна така како што ќе одлучи да биде транспарентна и само за тие прашања. Затоа, борбата со перење на пари може да се одвива така како што треба и успешно само ако инстутицијата задолжена за таа проблематика не се партизира, како што тоа се правеше и во 2007 година. Еве еден пример, се сеќаваат и министрите во Владата, се сеќаваат претпоставувам и пратениците, дека еден наш колега излезе во јавност и постави многу едноставно прашање, кое сите ние сме го поставиле. Дали имотот на еден Владин функционер е од легални извори и зошто ако е од легални извори, зошто тој имот не бил пријавен тогаш кога требало. Во ова Собрание сите пратеници требаше да поднесат анкетни листови. Тие кои не поднесоа анкетни листови, неколку мина се и во собраниската сала, Антикорупциската комисија поднесе иницијатива, ги казни со прекршочна пријава и согласно Законот, управата за јавни приходи и антикорупциската комисија требаше да го испитаат потеклото на тој имот. Е, сега, во оваа држава важат закони, ама само за некои привилегирани во Владата, во семејството итн., за нив законите не важат. Кога нашиот колега пратеник од опозицијата излезе и постави најлегитимни прашања кои што требало да ги постават и министрите во Владата, која беше реакцијата. Прво, беше молк. Управата за јавни приходи не знае да образложи зошто не почнало да се испитува потеклото на имотот на господинот Мијалков, прв роднина на премиерот. Токму прашањето кое што го поставивме е дали овие пари се од легални извори. Дали некој за некого перел пари и што се случило и што се случува кога еден од првите луѓе околу премиерот наеднаш покажува милионски имот. Ако бил легитимен, легален и чист имотот, зошто го криел 9 месеци. Ако бил легален, легитимен и чист овој имот зошто Управата за јавни приходи и Антикорупциксата комисија за сите други покренале пријави, само не, за господинот очигледно недопирлив прв роднина на премиерот. Сите овие прашања останаа неодговорени во последните 3-4 недели. Ниедна институција задолжена за перење пари, за испитување на потекло на имот, сите оние кои се фалат дека гонат криминалци, не кажа ни збор зошто е направен ваков преседан. Зошто, се извинувам што ќе го спомнам, на пратеникот Неждет Мустафва му беше изречена казна. Зошто на други пратеници и функционери им беше изречена казна. Зошто само господинот Мијалков е заштитен во оваа држава дури и од прекршочна пријава. Зошто само за господинот Мијалков Управата за јавни приходи не ја исполнила својата законска обврска да го испита потеклото на имотот. Сето тоа, велам, се претвори во три или четири неделен молк на нашите институции. Една единствена институција реагираше, а тоа беше Дирекцијата за перење пари. Затоа е битен овој закон. Меѓутоа, гледај изненадување, оваа дирекција наместо да го испита капиталот на оној близок функционер до премиерот, кој има милионски имот, таа одеднаш покренува постапка против пратеникот кој покажа со прст на можен криминал и корупција. Вака ли ќе се бориме на европски начин против перењето пари и

тероризам. Со целосна партизација на овие институции? Дали вака ќе им гарантираме на граѓаните на Македонија дека не се бориме со криминалот на некои трети, туку се бориме со криминалот без разлика каква политичка боја има.

Овој закон е квалитетен закон, одговара на најголемиот дел од барањата на Европска унија за перење на пари. Меѓутоа, со вакви институции, господа министри и господа пратеници, со вакви партиски војници, чија цел не е само да ги штитат првите луѓе околу премиерот, туку и да ги гонат сите оние кои на јавноста ќе и кажат дека царот или неговите најблиски се политички големи или дека се врзани со одреден криминал и корупција, со таков закон и со такви институции, ние нема да ја завршиме нашата европска задача.

Затоа, господине претседателе, би сакала и од вас да побарам, кога денешната седница ќе заврши да реагирате на сите изјави и на премиерот и на Владата дека проблемот е во Собранието на Република Македонија и да го заштитите дигнитетот и угледот. Ние денес ќе ја завршиме европската задача на Собранието, проблемот е што Владата секој ден испушта да ја заврши својата европска задача, да ги спроведува законите така како што се напишани, а не така како што таа политички посакува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарм и јас. Госпоѓо Шеќеринска нарочно ви благодарам на повтореното тврдење дека денес ќе ја завршиме седницата, што за мене е многу значајно.

Прво, за реплики да се јават тие што се јавија од дисплејот. Значи, за реплилка е Павле Трајанов, Влатко Ѓорчев, Николовски, и Силвана Бонева.

Прва е госпоѓа Бонева, повелете вашите три минути.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Искрено јас очекував оваа наша денешна седница да има дури и свечен карактер, затоа што ќе ставиме крај на законите кои што ни останаа од претходната година, а кои што се со европско знаменце и согласно договорот кој што беше постигнат дека ќе се заврши достоинствено денешната седница. Меѓутоа, не можев да премолчам дел од констатациите кои што ги даде госпоѓата Шеќеринска дека од месец март со десетмесечно задоцнување ја имаме оваа седница со европски закони, бидејќи Владата имала други приоритети и не сакал да се усвои заклучокот на опозицијата.

Контрадикторноста во кажувањата на госпоѓа Шеќеринска се и самата се демантира во нејзините кажувања, бидејќи ова Собрание нема поминато само 18 закони со европско знаменце. Тоа госпоѓо Шеќеринска значи дека повеќе месеци наназад токму заради тоа што се почитуваше и барањето на опозицијата и желбата на парламентарното мнозинство да имаат приоритет европските закони, на координацијата одлучивме многу месеци наназад први точки на седниците секогаш да бидат законите кои што се со европско знаменце. Заради тоа повеќе од 100 закони, 113, 114 или 118 закони се донесени во Собранието, а останати се само уште 18 закони. Тоа значи дека ова Собрание и парламентарното мнозинство и опозицијата знаеле и на координација да се договорат дека прво треба да одат европските закони, а подоцна да ги разгледуваме сите други закони кои што доаѓаат во собраниска процедура.

Мислам дека не држи вашата констатација и за тоа дека ако Владата мисли дека не треба да се читаат европските закони итн., овде сме Собрание, не сме во Влада и не треба да бидеме гатачи и да претпоставуваме што мисли Владата, што бара Владата од нас. Ние овде сме заради тоа што не интересира работата на Собранието. Имаме национален совет, имаме Комисија за европски прашања која што многу достоинствено и прекрасно ја заврши работата најрпвин во работни групи, разделени, кои што буквално работеа на секој закон, направија усогласување на законскиот текст, се координираа исто така со Владата и овие 18 закони денес ги имаме на собраниска седница.

Значи, можеме да работиме успешно до колку сакаме и наше треба да биде во оваа наша нова 2008 година да го зачуваме достоинството на Собранието на Република Македонија со тоа што ќе покажеме дека умееме заеднички да работиме на законите не само од европската агенда, туку и на сите други закони, преку комисиите за овие закони и преку Националниот совет и на тој начин да го подигнеме дигнитетот на Собранието. Никој нема да ни биде виновен до колку тоа не го направиме сите заедно, Владата најмалку. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јс.

Госпоѓа Шекеринска има реплика.

Вашата минута госпоѓо Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

И благодарам на пратеничката Бонева што потврди дека овие 3-4 месеци премиерот не ја говори вистината. Мислам дека е ова важно признание во Собранието и покажува дека пратеникот Бонева избира да биде лојална на вистината и на Собранието на Република Македонија, а не само на својот партиски шеф.

Факт е дека од месец март на дневен ред се ставени заклучоците кои што ги предложи СДСМ и беа прифатени од страна на сите пратенички групи. Јас до ден денеска не знам зошто тие никогаш не дојдоа на оваа парламентарна седница. Ние не работиме по нив и затоа овие закони ги гласаме сега наместо да ги гласаме пред два или три месеци.

Еве го листингот од гласањето на 5 мај каде што опозицијата побара предност да се даде на европските закони. Може и госпоѓата Бонева да види дека сите пратеници на парламентарното мнозинство глааа против ваквиот заклучок. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Павле Трајанов повелете со вашата реплика, вашите три минути.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Се согласувам дека сите овие закони кои што ги нарекуваме европски закони се битни за побрзо исполнување на условите кои што се барани од страна на Еврпската унија, меѓутоа мислам дека пратеникот госпоѓа Шекеринска многу добро знае дека тие изолирано донесени во праксата не ќе можат да се спроведуваат ако не се донесат бројни други закони, затоа што се врзани некои со европско знаме, некои без знаме, меѓутоа тие прават целина и нивната имплементација сигурно дека зависи од бројни други закони што треба да се носат. Затоа сосема е нормално, можеме во текот на седниците кога ги закажуваме првите пет-шест да бидат со европско знаме, но мора да се носат и законите кои се битни за создавање соодвети претпоставки, услови за да можат овие закони со европско знаме да бидат имплементирани и спроведувани.

Затоа мислам дека не треба сега околу ова да се води ваква расправа, ние кажавме, вие не прифативте и тн., треба сепак пакетот на закони кои што доаѓаат во Парламентот да се усвојува со динамика која што е согласно програмата за усвојување на законите, бидејќи сето тоа има соодветна логика. Не можеме така да ги двоиме работите, овие закони ни се врзани за Европската унија, другите не се, ќе ги донесеме овие, а овие понатаму и тн. Ние ако сакаме да работиме побрзо, поефикасно можеме да ги носиме сите закони. Се разбира, јас прифаќам дека во Парламентот има искусни пратеници можат со своите ставови, предлози да го подобруваат текстот на законите во целина, но не се сложувам уште на првата седница оваа година Парламентот повторно да биде политичка арена за дневно политички маркетинг. Тоа исто така ќе не забави и не сум сигурен дека ние денеска, тоа што го вети пратеникот Шекеринска дека енеска ќе ја завршиме оваа седница ако почнеме да расправаме за бројни други теми кои се битни, но не се на дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Шекеринска вашата контра реплика.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам. Јас очекував дека госпдинот Трајанов имајќи го предвид искуството кое што го има ќе види дека дискутирав многу на темата. Ако мисли дека перењето пари е три члена или 100 члена во еден закон се лажеме. Ако мислиме дека со усвојувањето на овој закон сме ја завршиле работата, се лажеме. Собранието мораше и мора навреме да ги носи овие закони, да им даде предност на овие закони, меѓутоа исто така да бара реализација и спроведување од страна на Владата. Се сеќавате дека во месец јуни 2007 година Владата направи притисок врз Собранието брзо, побрзо да го донесеме законот за регионален развој. Кажаа дека тоа ни е голема обврска за Европската унија. Еден од главните членови на законот, 1% од бруто домашниот приход да се насочи кон регионален развој самата Влада не го почитуваше со носењето на Уставот. И сега што е, ние ќе бидеме штанц машина за носење на половични или добри закони, ама некој друг ќе одлучува да не ги спроведува. Со тоа не се согласувам. И затоа ќе чуете критики. Собранието мора да биде филтер на лошите решенија, ама мора да покаже и со прст таму каде што законот се заборава.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Владимир Ѓорчев има реплика.

Повелете вашите три минути.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке Шекеринска ви благодарам што дојдовте на денешната седница на Собранието, затоа што навистина ретко е вие да бидете присутни на своето место и да ве гледаме тука и во секој случај тоа треба да го поздравуваме. Изминативе месец ипол гледаме ваша поголема ревност со присуство на седници на овој законодавен дом, кој што патем и го коментирате, така што ве поздравувам и добро е што почесто да бидете тука, па ќе можете повеќе од прва рака да се информирате за тоа што работиме, што не работиме и кој од вашите колеги ја кочи работата на законодавниот дом.

Во врска со она што секојдневно го гледаме од вас, тоа е повеќе од јасно дека Собранието на Република Македонија е закочено од легендарниот 15 септември, денот на лагата кога требаше да биде вработен по еден член од секое семејство. До 2006 година ова Собрание во претходниот состав имало вкупно околу 450 работни дена. За една ипол година ние имаме повеќе од 270 работни дена. Значи, ова Собрание многу повеќе работи, многу повеќе заседава, секојдневно е тука, а од друга страна имаме бавно менување на законите, затоа што вие, вашите колеги имате политичка тактика која што оди во прилог на кочење на работата на законодавниот дом. Многу е јасно зошто го првите тоа, за да се одложат огромен број на проекти и ние, како што вие добро знаете имаме некаде околу 150 закони кои што чекаат на усвојување. Никој не ги спори европските закони, но бројни се примерите каде вашите колеги со денови и со денови ја одлагаат примената и усвојувњето на законите со европско знаменце.

На крајот би реплицирал во еден дел од вашата дискусија што се однесува на господинот Сашо Мијалков.

Многу ми е јасно зошто го напаѓате, очекуваме и понатаму да го напаѓате, но мене една работа се повеќе ми станува јасна. Тоа е кога вие госпоѓо Шекеринска како инсталација на Бранко Црвенковски и олигархијата колку повеќе го напаѓате Сашо Мијалков, толку повеќе сум убеден дека добро си ја работи својата работа, затоа што очигледно во изминативе години и години Република Македонија беше жестоко опљачкана, македонските граѓани беа жестоко осиромаштени

и некој треба да одговара поради тоа. Поради тоа вие и тоа како ќе го напаѓате, очекуваме дека ќе го напаѓате, но за среќа ние немаме сега постава во Министерството за внатрешни работи кое што наместо да ги гони криминалците ќе пактира сонив. Сакате пример, кој е адвокатот на Станислава Чочоровска. Вашиот министер за внатрешни работи Љубомир Михајловски Џанго. Ние не пактираме со криминалец, туку се бориме против него. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓо Шекеринска со вашата контра реплика.

**Радмила Шекеринска”** Благодарам претседтеле.

Еве да честитам што дури и не завршените студенти денеска открија три големи вистини.

Прво, дека премиерот во континуитет не ја говорел вистината

Второ, господинот Мијалков не можете никако да го одбраните дека легално го стекнал милионскиот имот. Денеска овде чувме исти политички тиради од типот на расипана плоча, меѓутоа никој пратеник во ВМРО-ДПМНЕ нема сила, ниту пак податок, ниту аргумент да излезе и да го одбрани првиот човек на Груевски, бидејќи не може да излезе со такви податоци. Значи, благодарам што еве и недипломираните студенти по право ги потврдија овие две вистини. Премиерот не ја говори вистината, а неговите први луѓе нелегитимно се стекнале со милионски имот. Честитам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Александр Николовски, повелете вашите три минути.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал да зборувам по однос на законот, односно по однос на тоа што го говореше колешката Шекеринса, за жал премалку зборуваше за законт, а многу повеќе за еден висок функционер во Министерството за внатрешни работи, во ВМРО-ДПМНЕ воопшто. Затоа јас би сакал да кажам некои работи кои што ќе бидат аргументи.

Прво СДСМ излезе со обвинувања кои што одие во насока на стекнат или нестејкнат имот на кој што на побараните документи, кои што ги побара Министерството за внатрешни работи добивме празни листови.

Втора работа, приказната започна како голема прикаска за стекнати средства и тн. и тн., за да заврши во говорот на Радмила Шекеринска денес на 3 јануари со теза дека само анкетниот лист бил подоцна поднесен. Значи сето ова личи на познатата Шекспирова “Многу драма за ништо”.

По однос на одбраната или неодбраната јас денеска тврдам дека Радмила Шекеринска има 3 милиони евра стекнати нелегално, па бујрум пратениците на СДСМ нека ни докажат дека не сум во право. Тезата на Радмила Шекеринска е ваква. Ние обвиниуваме, вие докажувајте. Обратно се работи. Ако имате докази дајте ги на институциите, дајте да ги разгледаат институциите и институциите да одговорат. Нема ние како пратеници да бидеме ни одбвинители, ни судии, ни бранители, а јас ја повторувам мојата теза - Радмила Шекеринска во текот на владеењето на СДСМ стекнала 3 милиони евра нелегално, бујрум пратениците на СДСМ да ја одбранат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Ги жалам пратениците на ВМРО-ДПМНЕ што се доведуваат во ваква тешка ситуација да го бранат неодбранливото. Ако имавте еден податок за мене, како што кажав неколку пати до сега ќе бев ако не во затвор, во притвор. Ама немаше што да најдете. Ќе се препелкате, ќе вадите вакви тези смешни, расипани плочи, ќе се повторувате, ама нема што да најдете. За разлика од ситуацијата со господинот Мијалков јас не можам да кажам дека преку ноќ одеднаш после 4 години работа во државна администрација сум станала милионер. Јас вас ви го поставувам прашањето. Вие денеска имате повеќе плата отколку што имал господинот Мијајлов кога работел во Министерството за одбрана. Како со таа плата се станува милионер.

Господинот Мијалков, со задоцнување самиот на македонската јавност и кажал дека е веќе милионер, а никој не знае од каде му се тие приходи и на кој бизнис се должат. Ако се беше чисто господине пратеник зошто Управата за јавни приходи молчи три недели. Ако се беше чисто зошто Мијалков не си го пријавил имотот тогаш кога требало. И ако се беше чисто зошто денеска не можеме да добиеме податок колку данок платил Мијалков за да биде милионер. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Најдовски имате збор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Ако дозволат колегите би сакал накратко, со оглед на тоа што имав намера да зборувам по половината закони од предложени колку што се на дневен ред, но сега ќе морам да се повлечам и затоа ќе ми дозволите малку надвор од самата точка претседателе, за да не ви ја расипам идилата за свечен карактер на седница на која што треба да се донесат битни закони.

На некои колеги пред неколку дена овде ми дадоа една книга да ја читам “Брионски пленум”, има овде постари господа кои што се сеќаваат на тој период, а јас сега зедов да ја прочитам да видам што се случувало тогаш. И наоѓам многу сличности од тоа време и сега. Кога покојниот Маршал Тито ќе сакал да соопшти нешто, ама не знаел како ќе помине и како ќе го прими јавноста, ќе пуштел некој од помладите кои што му се во неговата тогашна партија тие да видат како ќе помине во јавноста, па после тоа тој ќе донесел одлука како да се однесува. Денешнава седница веќе започнува да ми заличува малку на тој дел. Јас не му се лутам воопшто на колегите

пратеници од парламентарното мнозинство и затоа денес сметам дека пред нас треба да излесе премиерот, господинот Груевски и да ни се обрати по повод овие закони. Ќе ви кажам зошто.

Прво, госпоѓа Бонева како координатор рече дека не одлучува Владата за закониоте и тоа е точно, не одлучува формално, одлучува парламентарното мнозинство. Ако се прашувавте вие колеги пратеници од парламентарното мнозинство до сега сите овие закони ќе ги поминевме. Еве ќе ви кажам само еден пример. Отворете ги стенографските белешки на сите седници што до сега се одржани, броев 15 пати ви имам лично јас предложено да ги ставиме овие точки на дневен ред и да ги поминеме. И вендаш колегата кој што денеска е отсутен, Трајко Вељаноски овде ќе се завртеше и ќе викнеше против и вие ме надгласувавте и тие закони не доаѓаа на дневен ред. Тој е тој човек кој што ги водел преговорите, односно ги водеше преговорите заедно со господинот Груевски и останатите лидери на четирите партии. Значи, тој зборувал во името на премиерот Грувски дека треба да гласате против. Затоа овие закони до сега не ги усвоивме, стоеја една година. А знаете ли зошто не ги усвоивме. Според моето скромно мислење. За да се најде виновник зошто не добивме датум за преговорите во Европска унија. Тој виновник сте вие колеги пратеници, 120 пратеници. Виновни сте заради тоа што премиерот не сакал да дојдат на дневен ред. Сетете се на првата изјава на премиерот после Извештајот на Европската комисија. Рече - ние си ја завршивме работата, Парламентот е виновен. А зошто тоа го велел? За да може пред Нова Година да си сними долгометражен филм, не е краткометражен, краткометражен е две до три минути и да каже ние сега направивме и ако не не кочат пратениците и следната година ќе направиме. Таа идила за свечен карактер на седници дами и господа која што вие ја сакате, а таква идила нема во демократски земји. Таква идила има во диктаторски тоталитаристички системи. Сега јас ако се обидам да расправам аргументирано за сите овие закони, бидејќи има закони кои заслужуваат внимание ќе стане Богоее Чавкаровски од Скакулци на Петре М.Андреевски и ќе ми рече кочничар си затоа што во нивата ти нацртав петокрака, а ти кога ораше со плугот ја изора и петокраката. Ти си кочничар на системот. Како сега ние да зборуваме за овие закони.

Но, она што е најважно овие закони дами и господа ќе ги донесеме, еве среќната идила ќе ги донесе денес, можеби и утре, но тие закони не се оние закони кои што се потребни за во Европска унија. Во Извештајот од Европската комисија кој од овој закон посебно ни го потенцирале. Ни ги потенцираат законите за кои што се согласи господинот Груевски со господинот Ахмети, од мајскиот договор. Тие ни ги потенцираат во Извештајот на Европскиот парламент. Тие се во Извештајот на Европската комисија, но пак ќе бидеме ние виновни, 120-те пратеници заради тоа што премиерот, да не употребам некој груб израз, ама нема сила да ни ги предложи сеуште во Парламентот, па да отвориме ние расправа за тие закони.

И што се случува. Оние кои што договорија вака денес да ни тече седницата освен госпоѓа Радмила Шекеринска која што е тука, ни еден од нив кој што се договараа надвор од Парламентот, иако треба да бидат тука, ни господин Али Ахмети, ни господин Тачи, ни премиерот не се тука и еве ви сега вие пратенмици од демократска земја која што сака да биде членка на Европската унија и на НАТО, еве ова ви го кажавме ние и вие има да го изгласате денес, а немој случајно некој да се обидел да дискутира аргументирано по овие закони, бидејќи тој ќе биде кочничарот на развојот на Република Македонија.

Дами и господа, жал ми е, ви реков на онаа седница за која што имавте договорено, а и денес, жал ми е што денес повторно морам да присуствувам на една седница која што воопшто не личи на седница на земја со развиена демократија.

Ваквиот пристап, елиминирањето на Парламентот ќе не одведе во погрешни води.

Вчера една новинарка од дневниот весник “Шпиц” ми се јави и ми вели каде се наоѓате, Јас и велам дома. Што правите? Дома сум. А каде тоа дома? Па, во Кравари каде што живеам. Зошто вели не сте на работа, како да и кажам дека ние нема каде да работиме. Вчера претседателот на Собранието не закажа седница, што е негово право. Оваа сала е затворена и ние пратениците, освен 20 што имаат канцеларија, не можеме да бидеме никаде на друго место освен да бидеме дома. Немаме канцеларија во општините, немаме канцеларија овде, оваа сала е затворена и затоа ве молам претседателе и кога ќе нема седници отворете ја оваа сала да седиме овде, бидејќи луѓето мислат дека не работиме.

Но, дури денес сфатив зошто било така направено, за да цела Македонија вчера не гледа што работат пратениците, да гледа само рекламирање на Владата.

Ова претседателе ви благодарам што ми дозоливте, што е надвор од законот, но немам друг начин како да го искажам своето незадоволство од третманот на Парламентот, од она што ние самите дозволуваме, едноставно извинете на изразот, да бидеме газени од премиерот и од Владата. Ова нема да не води напред воопшто како држава. Денес нека ви е среќна идила што сте договориле вие надвор од Парламентот вака да ги донесете законите, но бидете сигурни дека ова ќе ни се врати како бумеранг. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Силвана Бонева, претпоставувам реплика.

Повелете вашите три минути.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, повеќе можеби како апел до колегите пратеници, повторно ќе кажам да го зачуваме сопствениот дигнитет и да престанеме да зборуваме дека

Владата нешто диригира или пак надвор од Собранието се прават договори, потоа пратениците од парламентарното мнозинство и опозицијата се само гласачка машина овде во Собранието.

Мора да го потсетам колегата дека овие 18 закони, сериозно беа разгледувани од Комисијата за европски прашања. Беа направени повеќе работни групи во рамките на Комисијата за европски прашања. Сите различни ставови помеѓу опозицијата и парламентарното мнозинство беа испеглани, во исто време беа договарани со Владата.

Значи, ова Собрание најдостоинствено си ја заврши работата во рамките на Комисијата за европски прашања и денес наша задача треба да биде тоа да го довршиме. Значи, никој ништо не ни наметнал, туку многу достоинствено Комисијата за европски прашања преку работни групи онака како што треба да работат сите комисии ја заврши оваа работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева ова што го кажувате сега дека е направено последните 20-тина дена на работни групи тоа е точно. Но, требаше да помине една година за да тоа се направи. Се друго што зборувате немојте да се лажете сами себе ниту да ја лажете македонската јавност.

Вие на два пати сакавте да го пдоржите мојот предлог како координатор на пратеничката група тие закони уште пред една година ги ставиме на дневен ред. Но, веднаш другите ви сугерираа дека не може и линкот воспоставен со Владата кажуваше веднаш дека тоа треба да се одложи. Се со една цел да се најде виновникот. Вие сакате да ми кажете дека пратениците размислуваат со свои глави? Не, само кога се во опозиција. Немојте да ми кажувате она што јас го знам и што го гледа македонската јавност. Честопати пратениците од парламентарното мнозинство се срамат од нешто што го изгласале, а со кое никогаш не би се согласиле самите тоа да го направат.

Денес ќе повторам каде се тие четворица освен госпоѓа Шекеринска што е тука што го договориле ова кое денеска сакате да гопоминете овде. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитувани министри, колеги пратеници.

Сметам дека ставањето на дневен ред на овој пакет закони не значи и оневозможување на пратениците да дискутираат. Ако ја сведеме нашата работа само на тоа да гласаме, тогаш не може да избегаме од перцепцијата дека Парламентот се претвора во гласачка машинерија. Ќе докажеме со нашата дискусија дека нашата намера е да ги подобриме овие закони.

Ако е целта,министре, да го хармонизираме нашето законодавство јас ќе ви покажам како вашите добри зборови функционираат на дело. Значи, ако е целта да создадеме една институција која ќе треба да биде независна, да биде стручна и компетентна или онака како што би рекле меѓународните експерти да имаме решенија да се намали евентуалното политичко влијание и да се постигне поголема самостојност, вие дефакто денес имате нешто сосема спротивно. Затоа се доведуваме во вакква апсурдна ситуација да првоповиканиот, анонимниот директор Ване Цветанов може да го забележите по тоа што кога дава изјава во својот кабинет наместо знамето на Република Македонија и на Европската унија го имате знамето на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е единствено нешто што направил за 18 месеци е да направи лого на досегашното Биро каде во позадината ќе ја имате ѕвездата на Вергина и третото негово појавување беше на отворањето на Спортската сала во Облешево со мистер тендер и со Влатко Ѓорчев.

Значи, тој е стручниот и компетентниот кој треба да ја направи независна оваа институција. Епа така министре не водат работите. Затоа тој човек не може ни да посмисли да ги погледне сметките и трансферот на пари од Чешка во Македонија и како се внесени во берза, туку интерес е Јани Макрадули. Со такви луѓе не може вие да направите институција која ќе ја приближи Македонија до европските стандарди. Не може нас да не убедувате дека ова треба да гонаправиме.Не треба ова да го направиме. Ако ви е целта да ја трансформираме досегашната институција од Биро во Управа, што е спротивно на Законот, има системски закон за организација на работата на органите на Управата, тој е двотретински закон. Вие не може да направите уште еден нов орган со својство на правно лице, а да не го смените Законот. Ова е спротивно на Уставот, тоа ќе падне и треба да падне затоа што ако имате намера анонимус како што е овој директор кој се обидовме нешто од наши канали, вие би требало да знаете, веројатно и претходно сте го предложиле. Тој работел во Печатница, газда му бил Ратко Димитровски. Ако мислите таков човек да се бори против злото што велиме дека е најголемото, тоа е перењето пари и како некој ќе испере пари и на берза ќе вложи во даден момент 300 илјади евра кои денеска чинат милион и 300 илјади евра. Или кои се тие оп-шор компании кои преку Девствените острови ќе инвестираат и ќе ни прават резидор хотел или ќе ни ја купат најубавата зграда спроти НИП Нова Македонија. Овој човек тоа не може да го направи. Вие со ова нема да ја приближите Македонија кон Европска унија затоа што не промовирате институција која, како што рекле експертите, ќе биде имуна на политичко влијание. Да имате дефакто таму партиски кадар кој со поделбата паднало да биде во Кочани, во Кочани ви е прв човек,нема проблеми, Ратко Димитровски и дава свој човек од Печатницата да ви ја води оваа сериозна институција.

Уште еднаш ви велам министре така не бива за да му кажете и на премиерот, ако сеуште ве слуша или да му дошепнете на мистер тендер затоа што веројатно е главниот, тој е главниот во Владата, тој за се во оваа држава може да прави штом стигна во Облешево да ја отвора спортската сала токму со овој господин кој не го знам. Сега се појави во јавноста.

Значи, држејќи се до она што вие го кажавте. Сите овие директиви, сите овие заложби на Република Македонија да се приближи до последните препораки кои условно не се задолжителни, но по тоа се цени приближувањето на Македонија кон Европската унија паѓаат во вода ако вие, затоа што според законските решенија предлогот врз основа на стручност и компетентност, министерот за финансии на Владата треба да и предложи нов директор на Управата. Ако сакате да изградиме институција која ќе биде независна, тогаш требаше да се оди до крај до решението, да предлага Владата врз основа на кандидати кои ќе се пријават на јавен оглас или конкурс, а не на затворени конкурси во рамките на ВМРО-ДПМНЕ и Парламентот да биде тој кој ќе го избере првиот директор на оваа институција. Се друго за мене е само добра волја да фингираме дека се приближуваме кон европските стандарди и дека го хармонизираме законодавството, а всушност ние го партизираме уште повеќе. Благодарма.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има господин Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Господине Бучковски јас би се осврнал на еден дел од вашата дискусија, а тоа се однесува на Агенцијата за борба против перењето на пари.

Ако веќе зборуваме за мислење и евалуација на нејзината работа, мислам дека тоа беше очигледно пред околу еден ипол месец кога евроамбасадорот Фуере директно го кажа своето мислење за оваа Агенција односно ова Биро.

Ќе ве потсетам,оценката на евроамбасадорот Фуере беше дека имаме современа институција, институција која добро си ја врши својата работа и која соодвествува на предизвиците со кои се соочува македонското општество.

Не ви е точна информацијата во врска со претходното работно место на нејзиниот директор, тој беше вработен во Тутунска банка во Кочани. Доаѓа со таков беграунд, со беграунд во финансиите и станува збор за човек кој добро ја врши својата работа. Ќе ве потсетам, ние имавме една ситуација каде во некои институции претходно со месеци, а би рекол и со години се чувале во фиоки инфорамции дека одредени личности имаат банковни сметки во Будимпешта, Швајцарија и т.н. Сите се сеќаваме и сите знаеме за примерот на господинот Панде Лазаров, човек кој отпушти 1200 луѓе од ЕСМ, човек кој го приватизираше ЕСМ, човек кој гледаме сега што и како правел во врска со ЕСМ-ЕВН. Одеднаш од “чесна работа” видовме дека има стотици и илјадници евра во странски банки. Многу јасно дека ќе се напаѓа работата на вакви институции од одредени центри на политичка моќ.

Мојата препорака кон оваа институција и кон луѓето кои се таму е да продолжат добро да ја вршат својата работа, затоа што во Македонија имаме страшни проблеми, огромно перење на пари, многу корупција и сето она што ги тишти македонските граѓани, нашата економија и овие работи што ги видовме за време на нашата мачна транзиција.

Уште еднаш оценките на меѓународните институции за оваа институција се добри, со ваквите закони ќе овозможиме да се унапреди нивната работа, истото важи и за оценката која тие ја добиваат од Советот на Европа и надлежните комитети кои се  поврзани против перењето на пари така што мислам дека сме на пат да имаме ефикасна институција која ќе биде непристрасна и затоа треба да гласаме за ваквиот закон. Благодарма.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за господинот Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Пратеникот Ѓорчев не демантираше дека единствената причина зошто актуелниот директор на таа позиција е неговата партиска припадност. Ние говориме за хармонизација на законодавството да се елиминира политичкото влијание.

Значи, во неговата богата биографија сум пропуштил, штом не знаат во Кочани дека работел во Тутунска  банка, тогаш е проблем на оние кои го предложиле. Но евидентно е дека пред месец дена имаше негово сликање со евроамбасадорот Фуере и тогаш за прв пат ја погледнав позадината зад која беше застанат и евроамбасадорот, тоа е веќе она лого каде наместо партиските симболи на ВМРО-ДПМНЕ имавме нешто друго. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Слушајќи го последниот репликант на пратеникот Бучковски што му реплицираше мислам дека имаше право во една работа кога кажа дека во Македонија има големо перење на пари и голема корупција и затоа оваа Агенција ни треба. Мислам дека е совршено во право.

Би сакал да кажам неколку конкретни забелешки за законот на неколку членови и неколку, за мене, нелогичности иако сум свесен во хаосот во кој функционира Собранието во кој ни требаше два саати да ги најдеме законите на 30 заостанати седници, па дали се поднесени амандмани или не, кога се доставени, човек едноставно не може да функционира во ова Собрание за да може сето тоа административно да го среди.

Прво за потребата од  донесување на овој закон и за потребата од постоење на Агенцијата за спречување на перење на пари.

Ќе се обратам до господинот министер директно затоа што е тука во својство на предлагач, а во исто време сеуште е надлежен, барем пред ова Собрание, за функционирање на органот кој е во состав на Министерството со кое раководи и кое не е правно лице сеуште.

Прво, џабе ние ги носиме сите закони, попусто функционираат законите со табели од европските директиви кои се овде наведени кога во нив не е наведена една работа од европската пракса, а тоа е ако раководите со државен орган и ако некој од опозицијата во овој случај шефот на пратеничката група во опозиција во Собранието на Република Македонија господинот Макрадули побара од еден висок службеник во друго министерство, а многу битен во вашата партија да даде отчет зошто не постапил согласно некој закон и ако господин министер инструментот за директна атака и закани со закони од ова Биро и од вашето Министерство утре дента излетаат кон пратеникот или шефот на опозицијата во Собранието, тогаш овој закон останува црно слово на хартија кој на никој не му треба.

Вие овде ни одржавте фин говор, на него немам никакви забелешки, меѓутоа, не ни кажавте нешто друго дека оваа Агенција е толку инструментализирана партиски да вие дозволивте во вашето Министерство портпаролот да се јави на прес конференција да соопшти дека на господинот Јани Макрадули ќе му ги проверуваат сите сметки од 2001 година до денес зошто, затоа што е осомничен дека перел пари. А зошто е осомничен? Затоа што побарал одговорност од некој друг министер во вашата Влада. Таква инструментализација ја прави на кратки и на стаклени нозе целата конструкција на ова Биро или на идната Агенција. Јас не можам да поверувам во иднина дека ако нешто се случи тоа нема да биде политичка освета кога на најбрутален начин шефот на опозицијата во Собранието веднаш го инструментализиравте Бирото за да го нападне. Па, што ќе се случисо другите граѓани во Република Македонија ако шефот на опозицијата до такво дереџе сте го довеле. Барем да почекавте два месеци јавноста да нема некаква конекција помеѓу случајот што тој го изнесе во јавноста и ова, истрчавте после три дена. Таква инструментализација овој закон со сите овие директиви го прави непотребен, го прави комунистички, гоправи фашистички да ги инструментализира институциите на една држава во борба против политичките непријатели. Такви закони нам не ни требаат. Или ако ни требаат, тогаш такво управување по тие закони не ни треба.

Господине министер, лично сметам дека и вие и тој директор на Бирото што го имате поставено на ваш предлог треба да се засрамите од таквата дневна политичка инструментализација на Бирото со кое раководите.

Второ, си дозволувате да го инструментализирате Бирото, си дозволува еден ваш пратеник господинот Ѓорчев за луѓе за кои нема судска пресуда да тврди дека перат пари, сега пред една минута. Значи, ова Биро е претворено во инструмент во кој вие ќе излезете и ќе кажете Никола Поповски испрал два милиони евра, тоа ќе го каже вашиот портпарол, тоа ќе го каже вашиот пратеник, тоа вие ќе го одмолчите и после што? На МТВ ќе го повторите 20 илјади пати во рок од два дена, ќе го повторите уште во 5-6 дневни весници каде ги плаќате сите реклами и после судот не мора ништо да пресуди.

Таква Агенција не ни треба. Ни треба Агенција која ќе работи во тишина, ќе ги доставува работите до судот и ништо друго освен тоа нема да коментира. Се додека судската постапка не е завршена, а вие излетувате секојдневно со прес конференции кон политичките непријатели кои по правило се со членска книшка на СДСМ, јас ви кажувам дека оваа Агенција не вреди пет пари во нашата држава. Немојте да мислите дека Фуере тоа не го знае и немојте да се фалите со него. И на нив им е се јасно.

Втората забелешка е истата што господинот Бучковски ја соопшти. Јас не сум убеден дека членот 3 е согласно со законите на оваа држава. Вие сакавте да направите орган на Управа со својство на правно лице кој во нашиот Устав е пишано дека се носи со двотретински закон и тоа со Законот за органите на управата. Тоа во Собранието се провлекува од време на време со формирање на нови органи, меѓутоа без својствона правни лица. Сега веќе добивме својство на правно лице.

Гледам тоа сега сте го предложиле и со некои други закони и мислам дека тоа е спорно. Токму затоа таму постојат и одредби. Јас на пример не сум сигурен дека треба и едното и другото. Ако има доволна аргументација, ќе го прифатам и тоа. Меѓутоа мислам дека треба да се оди согласно со законите, дека за тоа треба да се смени Законот за органи на управа. Инаку вие вашето Министерство можете да го направите, не со три како што е сега, не со четири како што предлагате, со осум правни лица во состав на Министерството, а за тоа да не го смениме Законот. Мислам дека тоа не е во ред.

Во врска со членот 4 имам забелешка на ставот 2. Самите пишувате дека именувањето на директорот се врши врз основа на неговата стручност и компетентност, а во преодните одредби сте навеле дека во членот 58, сегашниот дирекгор на Дирекцијата ќе продолжи да ја извршува својата функција до истекот на мандатот за кој е именуван, пред овој закон. Значи трансформација од орган во состав без својство на правно лице, во орган со својство на правно лице не се врши нов реизбор, добива својство на правно лице, добива буџетски раздел, добива можност да троши буџетски средства, добива можност да носи управни постапки и тн. Мислам дека тука треба да се наведете член дека согласно овој закон и така тука немате никаква пречка од опозицијата, на Влада ќе си го изберете, таму имате монолитност, барем направете го така како што личи. Вака, мислам човек избран за една работа, со закон да го

трансформирате во друга без да се реизбере, не е добро.

Мислам дека во законот, во членот 3 има една сериозна недоследност, а таа гласи “средствата за финансирање на Управата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и 10% од средства остварени од извршена конфискација во корист на Република Македонија”. Овде не се наведува дека се работи за конфискација на средства врз основа на постапка за перење на пари. Тука се наведува само конфискација во корист на Република Македонија. Во закнот овде не постои којфискација во корист на Република Македонија, како Управа за спречување перење на пари, а само во членовите 36 и 37 се спомнува нешто и тоа се спомнува запленување на пари или имот. Овде се работи за конфискација во корист на Република Македонија.

Сакам да поставам две-три прашања на кои очекувам одговор, господине министре.

Дали, ако Управата за јавни приходи изврши конфискација врз основа на сопствените закони 10% од тоа ќе одат во корист на Дирекцијата за перење на пари? Дали ако Царината изврши конфискација на имот во царинска постапка 10% ќе одат во корист на Управата против перење пари? Дали ако собласно антикорупциските закони се изврши конфискација, како што пишува овде, 10% од средствата остварени од извршена конфискација ќе одат во корист на Република Македониај и тн. Значи во судска постапка ќе имаме еден спектар на закни во кои се врши конфискација на имот или пари во корист на Република Македонија, а вие сите овде сте ги ставиле во корист на Управата за перење на пари.

Сакам да ве предупредам, еве да не е тежок збор, сакам да предупредам дека тоа може да стане сериозен и голем износ на средства кои Управата, како што сте ја фомулирале овде, не може да ги потроши. Не знам од каде сте го нашле процентот на 10 средства. Прво, мислам дека е многу затоа што буџетски се финансира управата. Второ, не само што е многу туку изворот кој го посочувате е преголем и трето дали се тоа средства само од Управата, врз основа на нејзини постапки или не. Мислам дека тоа се сериозни прашања за кои треба да поразговараме. Меѓутоа, во оваа турканица во која Парламентот или брзина во која сака да расправа без комисии на кои тоа е поминато без можности да се дебатира, сите политички дебати, практично наместо по законот ќе се сведат на ова на што се сведуваат. Секој од нас кој ќе се јави да каже некој збор, после тоа се јавуваат пет реплики и кажуваат дека некој друг ги кочи законите. Пресметајте колку на репликите се троши, ќе видите дека сами себе си се држите со репликите, да не можат да се донесат законите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господин Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Господине Поповски вие коментиравте тука за орган во рамките на Министерството за финансии. Значи вие коментиравте тука за Дирекцијата против перење на пари. Вие бевте министер за финансии и коментирате, давате сугестии и сл., но самиот не го знаете органот во самото ваше Министерство. Што работеше тој орган додека вие бевте министер? Ништо. Што работеше тој орган кога вие ги дававе наредбите? Исто така ништо. Дали имаше некоја постапка, дали имаше некоја акција, дали имаше некакво дејство? Немаше. Беше целосно маргинализиран, со седум вработени, направен да не работи, да ги задскрива работите и тоа е тоа.

Второ, до колку вие го знаевте сопствениот орган од Министерството во кое министерот за финансии го предлага на Владата односно на премиерот нејзиниот раководител, тогаш ќе знаевте како се вика. Тука пред пратениците час говорите за агенција, час говорите за дирекција, час за биро, час за некоја друга институција. Ве молам научете го името на органот за кој дискутираме кој бил под вас. Четири години бевте министер за финансии, запрво бевте три години. Прво една година беше Петар Гошев па потоа го повлековте за гувернер на НБМ. Понатаму, во делот на нејзиното работење. Мислам дека доволно зборува и самиот извештај на Европската комисија. Европската комисија во својот годишен извештај ја оценува работата на Дирекцијата за спречување на перење на пари и тој нејзин извештај и коментар е повеќе од позитивен.

Во делот на она што го изнесовте во врска со Јани Макрадули и Сашо Мијалков, до колку како СДСМ имате нешто против Сашо Мијалков, повелете дадете го на Јавниот обвинител. Вие немате случај. Вие манипулирате со бројки кои самиот Сашо Мијалков ги напишал и ги ствил во неговиот анкетен лист. Кога зборувате за милионски износ и тн., од ништо да направите случај, повелете проверете во Чешка. Тој своите средства ги има стекнато во Чешка. Работе. таму, се работи за земја членка на Европската унија, со силно организирани институции. Ако имате случај најдете нешто преку Интерпол, најдете преку домашните институции и изнесете го тоа. Но, очигледно дека вие сте повеќе од вознемирен од она што го прави Сашо Мијалков, од работата на МВР како институција и нормално е дека ќе го напаѓате. Ако имате некаков случај повелете пријавете на Јавниот обвинител и ќе се постапи. Во врска со доцнењето на анкетниот лист, повеќе пати тоа е кажано, констатирано и околу тоа нема ништо спорно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Господин Ѓорчев да ви цитирам една мисла од Абрахам Линкол. “Понекогаш е подобро да молчите и луѓето да мислат дека ништо не знаете затоа што ако прозборите ќе ја отклоните секоја сомнеж дека тоа е така”.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Теута Арифи, повелете.

**Теута Арфи:** Почитувани пратеници, за ДУИ денешнава седница е повеќе од една свечена седница, е работна седница на која се наоѓаат 18 закони, закони кои се по однос на европската иднина на земјава, што е стратешки приоритет, најмалку декларативно на сите политички партии, но секако е стратешки приоритет на сите граѓани на Република Македонија, е работна седница бидејќи не се подразбира гласање со затворени очи, за овие предлози, туку се подразбира како придонес, сериозен придонес на пратениците и Парламентот и подобрување на квалитетот на овие закни. Затоа и ДУИ во начело ја поддржа идејата за една посебна седница како што е денешната седница и во начело е за донесувањето на овие закони, како и во начело и од аспект на основната идеја на демократијата ќе придонесеме во подобрувањето со наши идеи, во однос на овие предлог-закони. Во оваа насока ние позитивно ги цениме средбите и средбите на лидерите на поголемите четири парламентарни партии. Не дека се одзема можноста на Парламентот да носи одлуки и да менаџира многу прашања, но сметаме дека има стратешки прашања во однос на иднината на земјата. Една е европската иднина на земјата за кои нешта по се изгледа на нивото во кое функционира парламентарната демократија има потреба за договори од средби на лидери. Но и покрај тоа ние како Парламент треба да направиме чекори за да придонесеме во подобрувањето на последната слика што ја даде Европската унија во својот извештај за Македонија. Мислам дека е добар почеток денешната седница во однос на усогласувањето на нашето законодавство со европското. Но, уште еднаш сакам да подвлечам наше незадоволство како политичка партија со самиот факт на задоцнувањето, неоправдано, на распраата за овие закони, уште повеќе причината за ова задоцнување. За жал тоа беше политичка причина и беше поради кратковидоста на парламентарното мнозинство кое Европа, за жал, ја гледаше многу далеку и со месеци и години имаше приоритети кои не беа европски, кои не и помогнаа на стабилноста на земјата, приоритети кои ја зголемија агресивноста во политичкиот процес, приоритети кои докажаа дека се погрешни. Затоа сакам да го подвлечам фактот дека со задоволство може да го прифатиме овој момент на освестување на парламентарното мнозинство. И покрај тоа нашата работа како Парламент не завршува тука на последниот извештај кој го имаме од Европската комисија. Нашиот Парламент се цени не како многу позитивен. Има реченици кои велат дека нормалното функционирање на Парламентот беше оштетено во текот на многубројните процедури. Тоа е поим од последниот извештај на Европската унија. Ние, освен денешната седница, треба да дадеме други придонеси во подобрувањето на имиџот на овој Парламент за да докажеме дека еден професионален парламент во кој ќе се расправа, во кој агресивноста е заборавен и надминат концепт, во кој има толеранција кон разните политички зборови и во кој важат европските вредности.

Едно друго прашање надоврзано на Парламентот се и обврските од договорот од 29 мај, склучен помеѓу ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ.

Во однос на Парламентот треба да се поздрави донесувањето на Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, измената на соствот на Комитетот. Но, останува обврската кога се расправа ва Законот за јазиците што е една од обврските од 29 мај по однос на обврските што нашата земја ги има кон Европската унија и посебно НАТО структурите.

Завршувајќи со моето излагање, бидејќи пратениците од ДУИ се тие кои ќе се вклучат и во расправата по законите, сакам уште еднаш да ве потсетам дека Европа е систем на вредности кои на внимателен и дипломатски начин ни се искажаа во последниот извештај на Европската комисија. Затоа треба со максимална сериозност да го дадеме нашиот придонес и на тој начин одговорите на Оли Рен, комисионер на Европската унија за проширување, каде се прашува за европската перспектива за Македонија, најмалку да добиеме сериозен одговор што и припаѓа на една држава, а не хумористички одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодарам претеседателе.

Посакувам оваа 2008 година да биде година на успеси, година на мир и вклучување на Македонија во НАТО и ЕУ.

Токму на денешниот ден ќе почнеме со добар почеток, иако опозицијата почна да си ја тера својата работа така како и личи на една опозиција, не делува, туку уште на почетокот делува на деструктивен начин со тоа што ги гледа назадни и овие закони кои денес ги усогласуваме и ќе ги донесеме со консензус, за приспособување на македонското законодавство со европското.

Денес е многу значајно да кажеме дека донесуваме закон кој го спречува перењето на пари, го спречува финансирањето на тероризмот и било каква соработка на субјекти или поединци во Република Македонија со деструктувните и антиевропските и анти НАТО силите.

За жал, во текот на 2007 година, сигурно дека сме имале вакво нешто и со овој закон кој во овој момент повеќе опструкција прави делот на СДСМ, тука за жал се вклучува и самиот лидер на оваа партија кој нема мисија да врши опструкција уште на првата точка, а таа беше првата која беше на таа средба на лидери каде со консензус се договорија да ги поминат токите од дневниот ред кои се точки за приспособување на законодавството на Република Македонија со европското. Меѓутоа опозицијата немаше да биде опозиција до колку не го злоупотребеше Парламентот, како во случајот на госпоѓа Теута која денес си најде за сходно да афирмира некаков си договор од 29 мај кој всушност не е

договор кој произведува застанвување на процесите и усложнување на албанскиот дел во раководството на Парламентот и во Владата на Република Македонија. Госпоѓа Арифи денес овие работи од 29 мај не требаше да ги спомнува, не затоа што јас не се чувствувам добро што таа ги кажа, туку што таа кажа дека ништо не е постигнато. Рече дека сме донеле некој закон за Комитетот, дека сме донеле закон за Бадинтер што за жал ги стави во чекмеџе тие закони по број, кои во иднина за Албанците веќе се на некој начин осудени да немаат простор за експанзија на нивните права во Република Македонија, затоа што госпоѓа Арифи треба да биде свесна дека таа е таа која заедно со Агрон Буџаку ги поминаа сите канцеларии во Европа, измислуваа можни и неможни работи, измислуваа разни невистини, без да ја кажат вистината дека тие се тие што поднесоа преку 2000 амандмани против законите што ние ги предложивме. Тоа е едно забавување, спречување на приклучувањето кон Европа. Потоа предложија уште други 4000 амандмани, изготвија разни сценарија, за жал, се по наредба на СДСМ. Меѓутоа нема многу да се задржам на тоа затоа што на крајот на краиштата тоа се минорни работи кои ги прочита и тој кој малку се занимава со политика, ги прочита, народот ги разбра, ги сфати и сепак народот има доверба во раководството на Парламентот и во Владата на Република Македонија. До колку на македонската опозиција и засмета тоа присуство на Владата вчера цел ден на ТВ со една јавна транспарентна седница каде се гледаше кој министер што подготвува за 2008 година и до каде стигнал со реализација на успесите во текот на 2007 година и плановите кои ги има за 2008 година. Беше многу транспарентна работата на Владата, посебно законите кои се изготвуваа во областа на здравството, образованието, развојот на образованието и на здравството каде добро видовте дека од 1 јануари, евентуално до 1 февруари, во Република Македонија луѓето ќе можат да купуваат со пакетирани цени, во секоја фабрика со иста цена и на пазарот.

Значи истата цена ќе биде и во Скопје и во Гостивар и во Струмица. Во секое време ќе може да се купи лекот по истата цена. Во овие закони се предвидува патнички и јавен и приватен што ќе овозможи во здравството многуголеми инвестиции, со тоа што ќе има партнерство меѓу силните инвестирачи од Европска унија и издигнувањето на здравството на Република Македонија, на терциелно ниво, каде и ќе биде во овој случај ќе имаме издигнување на здравството за адекватни и соодветни услуги и во болницата во Тетово, која што ќе се претвори во клиника и која што ќе случи како основа или база за факултетот за медицина и стоматологија. Значи, ова е наука која што се аплицира во политиката за доброто на грѓаните. Доколку на македонската опозиција, во конкретниот случај на Шеќеринска и започнато од тоа што во титловите во текот на седницата одеше дека пензиите се зголемени за толку и толку проценти во определени категории, народот тоа го гледа и народот верува. Меѓутоа, вие како лидер на партија денес не ви личеше да навлегувате во тие минормни работи што се направија вчера, затоа што Владата реши како ќе се направи нешто, туку требаше да се даде еден напреден концепт од аспект не на критики, туку на тоа како вие го гледате за оправдано тоа во иднина и да му помогнете на Парламентот, на Владата, на Македонија, пред се. Затоа што, е историска година, година 2008 кога во Парламентот на Република Македонија секој закон треба да се афирмира во насока на мир, толеранција, богатство и непопречување на решавање на националните прашања како на македонските, така и на албанските кои што се клучни во Република Македонија. Оваа година имаме сите заедно среќа да гледаме една голема историја, создавање на една држава, држава Косово која што ќе биде гаранција за држава Македонија. Заедно со Албанија, Македонија и Хрватска ќе влезе во системот на безбедноста во НАТО.

Значи, ве молам, сите пратеници, да помогнете, без оглед на партиските и политичките разлики, колку што е можно побрзо да ги усвоиме овие закони, да го приспособиме законодавството. Сигурно може да има и грешки, меѓутоа тие грешки ќе се исправат само во случајот кога опозицијата ќе биде конструктивна, а не со обвиненија и против обвиненија од типот на ноќта на Нова година кога господинот Бучковски ме нарече фашист, исто и господинот Рафис, затоа што јас реков дека во Липково треба да се згрижи инвалидот од 2001 година, без да мислам нешто лошо за Стојан од Куманово. Доколку влијаел алкохолот таа вечер, ќе ви простам. Меѓутоа јавно на овој начин да се каже за еден човек кој дискутира во Парламентот на Република Македонија дека е фашист, тоа е неприфатливо. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплики се јавија, Теута Арифи, Рафис Алити, и Господин Бучковски Владо.

Повелете госпоѓо Арифи, имате три минути.

**Теута Арифи:** Да, колега Рамадани, сега веќе увидов дека е добро што одржав еден краток говор, за да го кажам ставот на партијата, за да имате вие што да говорите. Ако немав едно такво излагање, вие нема што да договорите, бидејќи во вашето излагање се занимаате со тоа што сум рекла јас. Тоа е секако добро. Што повеќе се занимавата со нас е добро и за политичкиот развој како прв ваш парламентарен мандат.

Второ, вие ни давате политички совети какви говори да имаме и какви да бидат нашите говори, што да зборуваме и што ви се допаѓа, а што не ви се допаѓа. Јас кога подготвувам излагања, ги следам советите и говори за модели, но ќе ми извините тие модели се многу далеку од политичките концепти и политичките стандарди кои ги застапувате вие. На пример, моделот на Черчил е многу далеку од тоа што го искажувате вие на говорницата. Тоа е далеку од демократските стандарди кои ги застапувате. И,

последната бина 29 мај, дали ви се допаѓа или не, дали сакате или не, тој договор постои. Како последица на тоа во овој Парламент се гласаат закони. Како последица на тоа во овој Парламент и ќе се гласаат закони. Како последица на 29-ти мај ќе се изменат политичките процеси кај нас. Како последица на 29 мај фактички или со обврските од 29 мај Македонија ќе биде или нема да биде членка за НАТО. Затоа, ова е една објективна реалност и егзистентна и ако ги направите истите прашања, ние ќе ве поддржевме. Но, бидејќи немавте капацитет да го напрвите тоа, требше некој друг да ги направи сите работи. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Агим Рамадани со контра реплика.

Вашата минута, ве молам.

**Агим Рамадани:** Да, госпоѓо Теута, вие го сфативте мојот говор како мое занимавање со вашата дискусија, која што беше далеку, не погодивте.

Второ, вистина е дека јас имам мало политичко искуство тука во Парламентот, меѓутоа се радувам што имам мало политичко искуство, затоа што не сум добил друго искуство во канцеларијата на Љубомир Фрчковски. Значи, вие сте една од тие што ја научи политиката од него и можеби ја знаете подобро од мене, нормално, меѓутоа да ја употребите за албанското прашање, а не за друго.

На крај, тоа што рековте дека цело време ние се знимаваме со вас, не, не е вистина, туку се занимаваме со современи концепти и со начини како треба да изгледа Македонија во 2008 година и на крајот како треба Албанците на Балканот да изгледаат за 2008 година и следите децении. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Алити, со вашата три минутна реплика.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистинаниту имав намера не да му реплицирам, туку ниту да се занимавам со пратеникот Агим, туку еве, тој некако сака да се занимава со нас, и спомнува дискусијата од минатата седница. Господине Агим, никогаш не сум пиел алкохол, и не значи дека доколку не сум консумирал алкохол и говорот од тој ден кој го спомна на тој начин, дека сум бил под влијание на алкохол или што сакаше да каже, ти најдобро тоа го знаеш. Но, како и да е јас не знам дали си бил под влијание на алкохол или не, но земи ги стенограмите и самиот види што си рекол. Врз основа на тоа сам ќе донесеш заклучок дека тие реакции не беа случајни. Доколку за тоа што си рекол си се покајал, тогаш е добро, велам е добро затоа што е човечки и хумано да погрешиш. Но, говорот не ти беше во ред. Дали си бил под влијание на алкохол или некој друг пијалок, тоа е твој проблем, за што не сакам да се занимавам. Меѓутоа, во животот најмалку сум слушнал од постарите ли од Куранот како Света книга ги категоризира луѓето и има мевљуни и акмаци и сега во која категорија спаѓате вие ако ова го правите намерно, тогаш тоа е ваш проблем. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Агим Рамадани, една минута контра реплика.

**Агим Рамадани:** Јас повторно ќе ви кажам дека ја правите истата грешка и сега и ја направивте и таа вечер, меѓутоа сепак ќе кажам дека од Рафис Алити нешто друго и не очекувам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Агрон Буџаку име реплика, повелете.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам.

Господине Рамадани, во текот на моето работење во Парламентот сум се залагал да бидам конструктивен толку колку што можам и секогаш сум се залагал наспроти праксата не само овдешната пракса, туку и на други места да не спомнувам имиња или лично да обвинувам, било кога вие бевте како партија мислам во опозиција или било денес кога повторно вие треба да изнесете поуки зошто постојано немате поддршка од мнозинството, бидејќи токму една од причините е дека напаѓате со основа и без основа вашите политички опоненти и вие рековте нешто што ми го спомнавте името, така што треба да реагирам и сакам да реагирам. Од тој а спект со иронија да ви се заблагодарам дека клеветење, правејќиглевета, како што рековте вие во Брисел, сум успеал 547 пратеници од Европскиот парламент во Резолуцијата донесена во Стразбург, точките од мајскиот договор да ги вградат како услов за Македонија, за да може да се унапреди и понатаму кон патот на европските интеграции. Тоа значи дека или сум бил толку вешт со клеветење да ги убедам 547 пратеници од Европскиот парламент и 27 земји членки на Европска унија за да дадат извештај каде што се нагласува и мајскиот договор или пак тие пратеници од европскиот парламент и членовите на Европската комисија се луѓе кои не се разбираат од политиката и успеваат да донесат залучоци, погрешни заклучоци. Јас ве уверувам дека моите начелни ставови сум ги кажал и овде и таму а тоа се, дека прашањето на напредокот на Македонија без еден консензус и без решавањето напроблемите кои сеуште останаа не решени, значи не може да не унапредат и понатаму.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Рамадани вашата контра реплика, еднаминута.

**Агим Рамадани:** Да господине Агрон вие самиот кажавте дека тие 543 пратеници од Европскиот парламент знаат политика. И јас велам дека знаат и токму заради таа причина што тие знаат политика инсистирале тоа што го велите вие договорот од 29 мај да излезе на виделина и да се демаскира целосно пред јавноста во Република Македонија дека тоа е нешто инегзистентно, непостоечко, и во насока на тоа било и нивното инсистирање да се види дека тој договор е нешто што го издувал ветерот и во Македонија единствен договор за кој што јас знам

бил договорот  во 2001 година, Охридскиот Рамковен договор кој што има потпишани гаранции и европски, меѓународен, американски печат и печат на НАТО. Значи ова од мај и многу други што ги направивте вие во текот на 4-те години додека бевте на власт е само откажување на Охридскиот Рамковен договор.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам прекин за ручек. Благодарам.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,14 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

За збор се јави господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Ќе се потрудам накратко да кажам два, три збора во врска со законот понуден од страна на Министерството за финансии. Сакајки да бидам точен и прецизен ќе говорам само за тоа што е текст на законот. Нормално ќе ги кажам и моите забелешки во врска со предложениот закон.

Како што знаеме сите еден ваков закон во нашиот правен систем, има, постои.  Тој Закон е донесен во 2004 година,  се сеќавам бидејки бев пратеник во минатиот парламентарен состав.

Во тоа време кога се донесе тој Закон настојувањето на предлагачот беше Законор да се усогалси во целост со директивите кои ги уредуваат прашањата во однос на перењето пари во Европската унија. Во оваа насока имајки го во предвид фактот дека правото е еден евулативен феномен и право од 2004 година наваму неколку од директивите се изменети. Имаме и нови директиви, нови конвенции и нови препораки од областа на перењето пари. Со тенденција да се усогласи еден ваков закон предлагачот ни понуди нов Предлог на закон со еден поинаков назив кој се усогласува со одредбите од Кривичниот закон којпред извесно време го донесовме во ова Собрание.

Но тоа што ме поттикна да земам збор е дека според тоа што ајс можам да го видма во предложениот текст, во текот на преводот има неколку грешки,м ожеби се од технички карактер, но некогаш и техничките грешки ја менуваат суштината на одредбите и во ова насока може да имаме потешкотии припрактичното спроведување на текстот наовој закон.

Јас ќе се задржам на две пеашања за кои ценам дека имаат своја тежина.

Првото е дека во првиот дел каде дефинирате неколку изрази илипоими со кои манипулира текстот на овој закон,неколку поими кои сте ги предложиле и кои ги дефинирате верувам дека не е добро да ги дефинирате на овој начин затоа што имаат општ смисла. Ќе ви дадам еден пример.

Го дефинирате поимот “деловен однос”. Искрено ќе викажам, бидејки сумпрофесор по деловно право,универзитетски професор овој поим или дефиницијата која ја давате не е добро да се дефинира на овој начин од причина што деловните односи како односи треба да се разликуваат од другите односи,како што се на пример граѓанксите, кои се многу блиски од самиот факт дека се говори за односи кои можат да се родат меѓу субејкти на деловното право.

Сакам да го нагласам и тоа дека доколку како субјект воовие односи е некој субјект или страна која не е субјект на деловното право тие односи не можат да се третираат како деловни односи.

Доколку се анализира внимателно текстот на законот ќе дојдеме до заклучок дека вие овие односи ги надоврзувате со  субјекти кои се дефинираат во членот 5 и со клиентите. Анализирајќи внимателно дојдов до заклучок дека и покрај тоа како клиент на дефинираните субјекти во членот 5 можат да бидат  и лица или страни кои не се субјекти на деловното право, затоа ценам дека оваа дефиниција која вие ја нагласувате не е добро да се дефинира на овој начин.

Втора забелешка за која ценам дека е добро да ја кажам е фактот дека во неколку одредби од понудениот Предлог на закон повеќе од евидентно е дека има судир или коализија. Јас ќе ви дадампример, членот 7. Доколку внимателно се анализира членот 7 ќе дојдете до заклучок дека овој член кој во себе има два става, двата става се во колизија еден со друг. Зошто го велам ова?

Повеќе од вистина е дека тоа што го реков и претходно,можеби е технички пропуст,но повторно ќе кажам некогаш техничките пропусти имаат своја тежина. Доколку внимателно се анализира став 1 од членот 7 каде се говори за обврската на одредени мерки и понатаму продолжувате на субејктите во стечај и ликвидација, значи стечај и ликвидација. Ценам дека сврзникот и не би требало да биде присутен, или овој сврзник требало да се замени со изразот кој го имате во ставот 2 односно “или или”, затоа што доколку внимателно погледате ќе видите дека овие два става се во спротивност од самиот факт дека течајот се разликува од ликивидацијаодносно овие се два начини кои во суштина имаат свои карактеристики.

Затоа, вака како што е предложен ставот 1 од член 7 се доаѓа до заклучок дека преземањето на мерки од одредени субјекти се врши во стечај или ликвидација, што значи ги идентификувате овие два поими, што не е така. Постапувате добро во ставот 2 и така треба да биде и во ставот 1 од овој член.

Искрено ќе ви кажам, има и многу нешта да се кажат во врска со Предлогот на законот, или на пример во членот 8 за кој ценам дека не е многу јасен, затоа што исто така во точка 1 говорите за деловен однос оставајки простор во текот на толкувањето  на деловните односи без оглед ан

нивното значење или вредност да можат да бидат објект, предмет на анализи од страна на клиентите, како што се говори во овој член од Предлогот на законот.

Јас ќе завршам со моето излагање со надеж дека предлагачот ќе ги прифати овие мои сугестии. Доколку мисли поинаку нека повели и нека ми даде објаснвуање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Јашари.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во слаата.

(Во салата велгуваат пратеници)

Уште еднаш ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Во салата велгуваат пратеници)

Во салата се присутни 63 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласале 64 пратеници.

Сите 64 гласале за.

Констатирам дека Собранието го доенсе Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

**Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот,со Предлогот на законот, како и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставенидонсоно поделени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Почитувани пратеници,

Основнит епричини за предложените измени и дополнувања на Законот за буџети произлегув аод потребата за натамошно усогласување на законската регулатива од областа на буџетското работење со регулативит ена Европската унија што ја регулираат споменатата материја.

Постојниот Закон за буџети е базиран на повеќе основни цели и начела на управување со Буџетот,но преостанува обврската за примена на сите начела на кои се засновани буџетите на земјите членки односно земјите кандидати за членство во Европската унија.

За таа цел со предложените измени и дополнувања на Законот за буџетите во целост се опфаќаат целите и начелата на современиот Буџет.

Со предлог измените и дополнувањето на Законот за буџетите исто така се дефинир асоодветна терминологија и се утврдуваат постапки со кои Законот за буџети станува инструмент кој овозможува повеќе годишно буџетирање односно доследна реализација на развојната цел на Буџетот.

Почитувани, едно кратко објаснување овде.

Република Македонија односно одредени буџетски корисници кои се значителни корисници на средства меѓу кои е и Министерството за одбрана често се соочуваат со проблеми во рамките на досегашната реализација на своите буџети. Имено,не постоеше можност за реализација на таканаречени повеќегодишни буџети. Средствата што остануваат неискористени во рамките на еден буџет не можат да се префрлат за наредната година.

Од лични средби што ги имав со високи претставници на НАТО во текот на изминатата година во неколку наврати тие навистина се интересираат дали ќе има измени на оваа одредба во Законот за буџети на Република Македонија односно да може одредени проекти кои што се реализираат во период подолг од една година да можат да се пренесуваат средствата и да се планираат за период подолг од една година. Тоа се реализира со овие измени што се тука предложени.

Понатаму, дефинирањето на одредбите со кои се регулира планирањето, извршувањето на буџетите е извршено согласно регулативата, тоа е една европска заедница, Евро-атом број 1605/2002 и 1995/2006 на Советот за финансиска регулатива применлива на општиот Буџет на Еропските заедници, со што е дадена законска рамка за примена на основните начела при извршување на буџетите. А тоа се сеопфатност, специфичност, буџетска рамнотежа, економичност, ефикаснсот, ефективност, транспарентност и сигурно финансиско управување. Односно, начелата на кои се засновани буџетите на земјите членки и земјите кандидат за членство во Европската унија,

Согласно горенаведеното со овој предлог за измени на Законот за буџети се рпедлага измена во содржината на Буџетот на Република Македонија кој ќе содржи општ посебен и развоен дел.

Во развојниот дел на Буџетот ќе бидат прикажани среднорочни планови за програмите на буџетските корисници наменети за развојни инвестиции одобрени од Владата на Република Македонија.

Би сакал да истакнам дека со предложениот закон се воведуваат и измени во буџетскиот процес. Односно во фазите на подготовка и усогласување на предлогот на Буџетот.

При процесот на подготовка на Буџетот се воведува нова фаза, а тоа е подготвување на планови, на програми за развој кој претставуваат среднорочен приказа на програми што се наменети за развојни инвестиции и кои ги

изготвуваат буџетските корисници на извршната власт и фондовите.

Буџетските корисници на извршната власт по добивањето на циркуларот пристапуваат кон подготовка на предлог план на програми за развој, и истиот го доставуваат до Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија одлучува по предлозите на плановите на програми за развој на Буџетските корисници на извршната власт и на фондовите во согласност со нејзините стратешки приоритети и изготвува листа на одобрени планови и програми за развој која ја доставува до сите Буџетски корисници на извршната власт и фондовите.

Одобрениот план на програми за развој, Буџетските корисници на извршната власт и фондовите го доставуваат како составен дел на предлогот на буџетското барање до Министерството за финансии.

Новина која се воведува со предложените измени и дополнувања на Законот за буџети претставува и постапката на преговарање односно усогласување на буџетското барање меѓу раководителот на буџетскиот корисник и Министерството за финансии, како и обврската на министерот за финансии, при доставувањето на Предлог буџетот на Република Македонија да ја извести Владата на Република Македонија, за неусогласените буџетски барања.

Исто така со Предлог законот за измени и дополни на Законот за буџети во делот на извршување на буџетите имплементирани се неколку суштински измени на постојните одредби од Законот за буџети. Во насока на неопходно усогласување со европското законодавство, како и во насокоа на потребно допрецизирање и дополнување на постојните законски одредби. Во овој дел извршено е и дополнување н а Законот со одредба со која Буџетот на Република Македонија се извршува со посебен закон донесен од Собранието на Република Македонија.

Наведеното дополнување е законско нормирање на досегашната практика за извршувањето на Буџетот на Република Македонија да се донесува посебен закон.

Во одредбите со кои се регулирани функциите на трезорот, направени се дополнувања со кои се проширува опфатноста на надлежностите на трезорот и тоа во насока на создавање на законски основ за задолжување на сметки во рамки на трезорска главна книга врз основа на договорни овластувања и во случај на исправка на грешка од страна на трезорот.

Понатаму, за управување со ликвидноста на сметките во рамки на трезорската главна книга, како и запирање со извршување на одредени плаќања на буџетските корисници и единки корисници на централната власт во случај на констатирани нарушувања на финансиската дисциплина и во услови на нарушување на проектираната ликвидност на трезорската сметка.

Овие дополнувања се извршени како резултат на согледувањата во досегашната практика од основањето на трезорот при Министерството за финансии на Република Македонија во 2002 година и истите се со цел да овозможат поголема ефикасност на истиот.

Во делот на доставување на завршната сметка на буџетите извршена е измена како прецизирање на постојната законска одредба во смисла на регулирање на обврската за доставување на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија до Владата на Република Македонија во која се приложува извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на основниот буџет.

Наведеното прецизирање се предлага од причина што предложената законска одредба е единствено применлива од аспект на обемот и роковите за извршување на ревизијата. Воедно при подготовката на Предлог измените и дополнувањата на Законот за буџетите, земени се предвид препораките од Државниот завод за ревизија во насока на воспоставување на поефикасни процедури за управување со буџетските средства. Поради тежината на измените кои се предлагаат со овој закон неговата примена се одложува за 1 јануари 2008 година.

Почитувани, овој Предлог на закон беше доставен неколку месеци пред завршување на годината, секако дека доколку се изгласа законот ќе влезе во сила според постојните одредби во законите на Република Македонија. Благодрам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министре.

За збор се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Би сакал на кратко околу Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Буџетите да кажам некои забелешки и генерално да дадам оценка по однос на предлогот.

Не знам зошто министерот во своето експозе не објасни зошто во најголем дел од членовите со кои се врши трансформирање на директивите од Европската унија се врши само делумно усогласување, а не е отидено чекор напред да се изврши целосна усогласеност. Можеби поради структурите на носењето на Буџетот во Европската унија, но сметам дека во некои членови сепак требало да се оди малку понапред и да се усвои целосно одредени директиви од страна на Европската унија.

Би сакал да се осврнам на неколку членови. Како што кажа министерот за финансии правата кои се даваат со овој закон, а кои се однесуваат дека средствата кои се одобрени во развојниот дел на Буџетот, а кои нема да бидат искористени во текот на фискалната година, во износ од 50% се

пренесува како одобрени средства за првото полугодие од наредната фискална година.

Значи, Владата прави интервенција токму во оној дел каде во однос на претходниот буџет имаше најголеми забелешки и критики од страна на опозицијата односно недоволното извршување на капиталните инвестиции и во тој дел сега Владата си го продолжува рокот или можноста буџетските корисници и во текот на наредната година од првото полугодие да може да ги троши овие средства, доколку не се реализираат во однос на претходната година.

Прво, интенцијата би требало да биде, со оглед на тоа што министерот не убедуваше дека во рамките на Владата и на Министерството има многу стручни луѓе кои процесот на буџетското планирање и извршување на буџетот можат да го извршат на многу високо ниво. Сметам дека Владата не може и не треба да си дозволи овие капитални расходи да ги реализира во така низок процент затоа што и онака се малку од вкупниот процент на Буџетот, само 16%, дури и кога не се реализираат навистина претставува проблем и не зборуваат добро за начинот на водење на буџетскта политика.

Исто така, во членот 20 сметам дека можеби праксата досега покажа дека Министерството за финансии предлогот на буџетот го доставува до Владата на Република Македонија најдоцна до 1 ноември тековната година. Се покажа дека периодот кој останува за дебата за буџетот во Собранието на Република Македонија е многу краток, а по еден таков значаен документ во кој се дефинираат политиките на Владата и проекциите за развојот на државата во наредната година, ние не можеме да отвориме квалитетна дебата ниту во општата расправа ниту во амандманската расправа и би требало да се размислува Буџетот до 1 ноември да стасас до пратениците во Собранието на Република Македонија, а не до Владата, па потоа знаеме 20 дена треба да поминат додека пратениците го разгледаат, па да може да дојде на расправа во Собранието. Мислам дека во овој дел Владата требало повеќе да инсистира пратениците порано да го добиваат буџетот и порано да можат во текот на цел месец декември да расправаат. Сметам дека и во повеќето други земји буџетот претставува документ за кој се водат долги и опширни расправи.

Исто така, во членот 20 кој се однесува на менување на членот 29 се прават измени во однос на содржината или буџетот што треба да содржи, така се воведуваат три дела и во однос на постојното решение каде стои дека Предлог буџетот на Република Македонија содржи многу работи. Овде во новиот предлог се избришани резимеата на програмите на Владата вклучен во Буџетот, резиме на програмите на буџетските корисници вклучени во Буџетот, резиме на Предлогот на Буџетот по функционална класификација, економска класификација и по програми на Владата. Мислам дека тоа беше еден вид на објаснување што, иако во голем дел беа од формална природа, сепак на пратениците им овозможуваше да добијат одредени сознанија, бидејќи таков е системот, ние многу малку можеме да дознаеме за плановите и проекциите на министерствата. Ќе беше добро тој дел да остане, бидејќи овој член мислам дека го нема во табелата за усогласување со директивите на Европскта унија.

Во членот 21 тука исто така се врши измена. Доколку буџетот не се донесе до 31 март во тековната година, Собранието на Република Македонија донесува одлука за продолжување на временото финансирање. Тоа е новиот предлог.

Во постојниот предлог јасно стои дека финансирањето може да се врши најмногу до една третина од вкупните извршени расходи во првиот квартал, што според мене беше многу појасен член.

Најголемите измени за кои во текот на крајот на минатата година се разговараше тоа е членот 22 односно членот 33 од постојниот закон каде постои можност Владата и Министерството за финансии да вршат прераспределба и пренамена на средства помеѓу буџетските корисници и меѓу програмите за овие буџетски корисници.

Господине министер нашата информација е дека на лидерскаста средба било договорено да се внесе оној дел од директивата на Европската унија што било прифатено од страна на Владата дека три недели пред да се извршат овие промени буџетските корисници треба да бидат известени за овие промени кои ќе настануваат. Тоа било прифатено, а не гледам амандман од страна на Владата со кој овој дел од директивата на Европската унија ќе се внесе во законот. Мислам дека тука отстапувате од она што претходно било договарано и би сакал да ни објасните зошто тоа не е така направено.

Крајот на минатата година бевме сведоци како Владата со Одлука пренамени над 40 милиони евра и притоа се правдаше дека сето тоа е во рамките на Законот иако ние како опозиција рековме дека не може со Одлука тоа да се прави, туку треба со ребаланс, сепак вие го донесовте, кога ќе дојде време ќе се утврдува дали било правилно или не.

Посебно ми пречи ставот 4, а тоа е дека прераспределбите кои се однесуваат на владините програми и подпрограми, во рамките на одобрените буџети во износ од 5 милиони денари ги одобрува Министерството за финансии, а над тој износ ги одобрува Владата на Република Македонија.

Сметам дека Министерството за финансии со овој закон си презема многу надлежности, се концентрира голема моќ и тука ме потсети на амандманската расправа кога вие како министер изразувајќи добра волја за која ви се заблагодаривме, прифативте дел од амандманите на опозицијата, но притоа стално инсистиравте износот да не биде поголем од 5 милиони денари.

Очигледна е намерата со овој закон, вие според проценките иако прифативте тоа да влезе во Буџетот да процените кој дел од амандманите ќе ги реализирате или нема да ги реализирате во износите кои ги прифаќате. Би апелирал, ќе дојде крајот на оваа година да видиме дали ќе останете на она што го изразивте како добра волја при усвојување на Буџетот и амандманите кои беа до 5 милиони денари прифатени, а поднесени од страна на опозицијата, ќе ги реализирате. Навистина ќе ми биде посебно важно да останете на она што го прифативте при усвојување на Буџетот, во спротивно при наредниот буџет сигурно дека малку поинаку тогаш ќе разговараме во однос на буџетот затоа што ако сте изразиле добра волја, тогаш тоа треба да го испочитувате.

Исто така, воведувате нови ставови каде со одобрените средства за плати, дневни надоместоци на ниво на ставка во рамки на Буџетот не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%, тоа го нема во постојното решение, па би сакал да ми дадете објаснување зошто ова го предвидувате во буџетите ако нешто може добро да се испланира, тоа се токму платите и надоместоците од плати, зошто имате потреба од вакви ставови во Законот за буџетите и тука не ги иземате капиталните инвестиции дека не може да се врши промена, како што стои во постојното законско решение.

Во однос на членот 51 во подставките за вработување тука воведувате нови правила, покрај буџетските корисници сега ги внесувате и јавните претпријатија и јавно правните субјекти основани од централната власт доколку сакаат да реализираат одредени вработувања, ќе мора доколку имаат обезбедено средства да добијат согласност од Министерството за финансии или градоначалникот на општината.

Зошто инсистирате на ова решение?Досега постоеше за буџетските корисници, но која е целта тука да ги внесете и јавните претпријатија. Би сакал министерот, доколку може, да одговори на овие прашања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Во меѓувреме за збор се јави господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Многу накусо, СДСМ ќе даде поддршка на овој закон. Дополнително сакам да го информирам министерот, бидејќи очигледно тој не е информиран од своите колеги во Владата дека во членот 22 има потреба од уште едно дополнително усогласување со постоечката европска директива, за која разговаравме на лидерската средба и која одредба или дел од директивата беше прифатена од, претпоставувам, задолжениот за економија и финансии во Владата господинот Ставрески. Но, амандман од Владата за овој дел не гледам. Затоа господине министре да ве информирам дека дополнително баравме да се стави дел од одредбата каде се вели дека три недели пред да се извршат трансферите од став 1 институциите го известуваат буџетскиот орган за својата намера и каде дополнително понатаму има уште еден дел се вели дека Министерството за финансии има обврска да ги извести буџетските корисници три недели пред да се изврши распределбата на нивните средства. Тој дел од уредбата не е транспониран во конкретниот закон. За неа разговаравме и беше постигната согласност. Тоа може да го потврди од ВМРО ДПМНЕ, но не гледам кој, бидејќи Груевски и Вељаноски не се тука, можеби Бесим Догани.

Договорот беше да се направи само еден дополнителен дел како амандман од Владата со кој дали ќе се дополни членот 22 со уште еден дел осми и тн., ќе се изменат редовите или тоа да биe еден меѓу член кој ќе биде направен како амандман од Владата.

Бидејќи тоа не е направено во овој момент и процедурално господине потпретседателе, очекувам дека Владата, согласно прифаќањето на таа обврска од страна на претставниците на ВМРО ДПМНЕ тоа ќе го направи во меѓувреме и овој закон ќе го гласаме откако ќе го добиеме тој амандман на Владата на Република Македонија. Во спротивно ќе ги прекршиме и разговорите, но и договорите кои сме ги направиле тогаш, а кои беа прифатени од ваша страна по наше барање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

За збор се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине потпретседателе, им благодарам на двајцата учесници во расправата по овој предлог за измени и дополнување на Законот за буџетите.

Ова што се однесува до известувањето при евентуална пренамена на Буџетските корисници три недели пред извршувањето на таа пренамена Владата на Република Македонија и Министерството за финансии ќе го почитува уште од утрешниот ден. Ќе ги провериме регулативите. Според оние регулативи кои ние ги консултиравме, морам да признам дека не видовме таква одредница, а во интерес на вистината не бевме известени за некој договор на лидерска средба. Можеби се работи за пропуст. Сето ова ќе го привериме и еве ве уверувам доколку е потребно ќе поднесеме во најскора иднина измени токму во оваа насока на законот за буџети. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господин министер.

Господине Ивановски дали сте за реплика или за збор?

**Игор Ивановски:** За збор.

**Бесим Догани:** Повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Јас навистина сакам да верувам во добрите желби на министерот за финансии, но кога се носи закон, се работи со конкретни обврски, не со желби. Со желби можеме и на друго место да разговараме. Јас само пренесов факти. Жалам

што вие не сте ги разговарале меѓу себе. Тие беа дел од разговорите и преговорите што подолг временски период се вршеа во форматот на лидерите на четирите политички партии.

Ако ние како СДСМ сме преземале обврски, ние сакаме, не изразуваме желба, ги исполнуваме. Ако некој од другата страна на истиот начин, исто така земал обврски, очекуваме да ги почитува.

Господине министер, ако сакате многу подетално да влеземе во директивата, ќе видите дека има и други обврски и делови кои не сте ги транспонирале, а за кои ние дадовме согласност да можат да бидат направени во некој друг временски период, како на пример заштитата на персоналот и службениците во Министерството за финансии, или во било кои други единки на Државната управа, за неспроведување на одлуки дадени од претпоставените, до колку сметаат дека се спротивни на постоечките закони. Има и таква одредба во директивата каде можеби некој задолжен за исплатите во Министерството за финансии или во други буџетски единици, одлучи да не почитува ваша или наредба или барање на ваш колега зошто смета дека се крши, меѓутоа да биде заштитен. Тоа на пример исто така го нема во овој закон, но сметавме, ајде во ред, примарна цел ни е да ги донесеме законите и на крајот на краиштата тоа да го направиме со, навистина, реални усогласувања со европските директиви. Ние кога ги разгледувавме овие закони, господине министре ги читавме извадоците од директивата, што вие сте ги доставиле токму од страна на Министерството за финансии, не дополнителен материјал. Дали од десно на лево, ако ги гледате, дали од десно на лево, сеедно, истите текстови се пресликани. Има таква одредба каде, нормално, со различна терминологија во Европската унија и во Македонија, но сепак за иста цел се бара, кога се вршат прераспределби за трошоците за персоналот, како што се нарекуваат во Европската унија или во трошоците за вработените, платите, наемнините и тн., или за оперативните расходи, со формулација преземена од директивата, Министерството за финансии, бидејќи кај нас тоа е задолжено за спроведување и реализирање на Буџетот, должно е да ги информира буџетските корисници три недели, дека ќе изврши прераспределба на нивните средства. Ние имавме ситуација, за жал, за која исто така разговаравме дека со одлуката за прераспределба на 45 милиони евра имаше одредени буџетски корисници кои не знеја дека средствата им се одземени, оние нереализираните и дека се пренаменети кај некој трет буџетски корисник. Ние не го одземаме тоа право на Министерството за финансии, ние само сакаме тоа да биде согласно принципите врз кои се темели и Европската унија, но треба и секоја здрава држава и економија, а тоа е транспарентност, тоа е ефикасност, тоа е буџетско планирање и на крај извршување. Ние само ги гледаме работите кои се направени веќе во сите држави на Европската унија и бараме, тоа за што говореше и мојот колега пред малку, да го подигнеме степенот од делумна усогласеност во што е можно повисока, па да стигнеме до целосна усогласеност со директивите од страна на Европската унија.

Јас кога реагирав процедурално, реагирав во име на СДСМ како принципи за сите останати закони. Ако нешто сме се договориле и сме се усогласиле, тоа навистина и да биде спроведено, да немаме импровизации и полуваријанти и ред други работи, бидејќи во таква ситуација ќе бараме да се повлече овој закон од чисто принципиелни бидејќи усогласени механизми на работа и до колку не се направи тоа, со барање да се направи измената и на крај да го гласаме законот. Пак ќе повторам, СДСМ ќе даде поддршка на овој закон, но сакаме барем во тој дел да има дополнување согласно директивата која вие ја цитиравте и во вашит воведен говор. Затоа господине потпретседателе, до колку не се разреши таа дилема, ве молам да не пристапувте кон гласање, бидејќи ако ни се случат вакви преседани тогаш ќе ни падне во вода се што сме сработиле во изминатите неколку недели и на лидерските средби, но и на Комисијата за европски прашања и на ниво на работни групи помеѓу пратеници од опозицијата и претставниците на владеачкото мнозинство.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

За збор се јави господинот министер, повелете.

**Трајко Славески:** Јас многу сериозно и со разбирање го сфаќам господинот Ивановски па ќе се обидам уште еднаш, без да повторувам, да го кажам она што претходно го кажав.

Ако сметате дека е тоа толку значајно за законот за буџети, реков ние сме подготвени дури и да го повлечеме во оваа фаза законот, но само да спомнам едно.

Европската директива и регулатива се однесува и за Буџетот на Европската унија. Секоја земја членка има сопствен национален буџет. Република Македонија не е членка на Европската унија.

Ова известување повеќе се однесува на Буџетот на Европската унија. Јас го понудив следното:

Од принципиелна причина подготвени сме да го повлечеме законот, ако вие сметате дека тоа е неопходно. Јас го ценам тоа што го резервитате правото да дадете поддршка на законот. Но, до колку се согласувате да одиме понатаму во расправата, евентуално и изгласување на овој закон, јас кажав дека во практиката ние ќе водиме сметка за ова барање, ќе извршиме дополнителни консултации, можеме заедно со вас уште еднаш да седнеме и во најскоро време ќе предложиме евентуална измена ако тоа е неопходно.

**Бесим Догани:** Благодарам за објаснувањето.

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да укажам дека се надевав дека денес воведуваме нов принцип на работа.

Сите сме сведоци дека ако некој е одговорен за градење на доверба во договорите помеѓу парламентарните групи или помеѓу политичките партии застапени во ова Собрание, тогаш сигурн за тоа е одговорна власта. Ако власта усепа во оваа една ипол година од нејзиното владеење да го подигне на многу висок степен односот помеѓу власта и опозицијата во негативна смисла, во смисла на огромен степен на недоверба, тогаш очекував дека оваа седница ќе биде еден знак на пресвртница во име на националните интереси на Република Македонија и дека ќе биде знак н добра волја на Владата да гради доверба и коректен однос спрема опозицијата и другите политички партии во Собранието. Меѓутоа, во овој момент се соочуваме повторно со, би го нарекла, несериозно однесување од страна на претставник на Владата, со обид да се релативизира она што веќе е договорено на лидерските средби со обид да се рлативизира и она што веќе е направено како договор помеѓу пратеницичките групи и работните групи кои работеа во Собранието.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Грковска, ќе ве замолам да зборувате по текстот на Предлогот на законот, а после ако има потреба ќе побарате процедурално и ќе може да спорите по процедурата. Повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, јас не сум изненадена што вие вака реагирате на моето ислагање и што вие не можете да разберете дека ова мое досегашно излагање се однесува на текстот на законот на решенијата во законот, заради тоа што недостига едно клучно прашање кое е договорено. Меѓу другото, вие не бевте на координацијата на која ние бевме договорени како ќе тече редоследот на оваа седница и дека се очекува да се почитуваат договорите кои се направени помеѓу работните групи кои беа составени од претставници на власта и на опозицијата во овој Парламент и благодарение на тоа имаше Комисија за европски прашања каде се испеглаа сите разлики меѓу власта и опозицијата.

Бидејќи недостига еден амандман предложен од Владата кој Владата го зема како обврска да го достави до Собранието на Република Македонија, а претставува дел од договорот, тогаш ќе дозволите да реагирам по однос на дискусијата по овој закон заради тоа што станува збор за еден член од законот кој треба да се допрецизира и дека неговото допрецизирање или недостатокот на овој амандман може да предизвика дополнителни проблеми при натамошна реализација на Законот за буџет.

Очекував од вас посериозно да го сфатите она што се случува во овој момент заради тоа што прекршувањето на договорот направен за оваа седница може да биде преседан и за нас како опозиција, може да биде сигнал дека ние не може да градиме доверба и не можеме да веруваме во она што веќе е договорено, заедно со пратениците од власта и на лидерските средби. Јас ве молам тоа да го сфатите најсериозно заради тоа што кажав дека Владата упорно играше на картата на недоверба и ги прекршуваше досега клучните договори кои ги правеше заедно со опозицијата. Заради тоа степенот на недоверба кај нас е многу голем. Затоа очекував оваа седница да биде пресвртница, оваа седница да биде почеток на градењето на доверба и соработка помеѓу власта и опозицијата, кога станува збор за клучните и стратешки национални интереси на државата. Ако Владата си преземала обврска на лидерската средба, на договорите со пратениците од опозицијата, да поднесе ваков амандман, тогаш е должна тоа да го направи. Имено, ако се релативизира тоа ќе направи проблем во понатамошното функционирање и договарање помеќу бласта и опозицијата. Тоа меѓу другото ќе овозможи и во иднина, договорите кои се правени да не се почитуваат и да се релативизираат со изговор дека, до колку е потребно или до колку смета опозицијата дека е суштински, Владата во брзо време може да излезе со измени и дополнувањеа на законот. Меѓутоа, тоа не е договорот што е направен. Затоа јас ве молам да не го затвараме претресот по ова прашање да инсистираме и инсистирам до координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да инсистира на почитување на договорот кој е направен затоа што во спротивно ќе имаме сериозни проблеми во понтамошното функционирање и догобварање за вакви стратешки прашања за државата

Го молам и министерот, претпоставувам дека е ставен во незгодна ситуација затоа што од она што го кажува се гледа дека господинотСтаврески не го информирал доволно и очигледно е изолранм од договорите што се направени в време на таа лидерска средба или надвор од неа. Меѓутоа, тоа не ја намалува неговата одговорност. Затоа инсистирам, место да релативизира и да не убедува нас да прифатиме измени и дополнувња во скора иднина, на законот. да инсистира кај премиерот и кај господинот Ставрески , колку е можно побрзо да го достават аманманот за овој закон кој веќе е договорен, за да може комплетно да се испочитува договорот кој е направен и на лидерската средсба и на Комисијата за европски прашања во Собранието на Република Македонија. Во спротивно ќе не ставите во ситуација да не се држиме, од наша страна, до договорите што сме ги направиле. Значи инсистирам да се одложи гласањето по обвој закон се додека не се достави амандманот од страна на Владата, кој веќе е договорен.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Мене навистина ми е жал што и во вакви прилики кога имаме договор вие си го терате својот инает, но тоа е ваша работа. Јас само да ви укажам дека на господинот Ивановски веќе му кажав дека нема да го заклучам претресот, бидејќи и самиот бев дел од договорот, инсистирав со госпоѓа Бонева да се изнајде решение, министерот најискрено кажа дека, ако нема друга можност и ќе го повлече овој закон од расправа. Јас затоа очекував господинот Ивановски или госпоѓа

Шекеринска кои беа дел од договорот, да го кажат своето во врска со предлогот на министерот.

Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван потпретседателе, жалам што на вториот чекор си правиме сопка. Дефинитивно, и вие бевте присутни и осум мина од политичките партии беа таму присутни и се постигна договор во кој пратениците кажаа, ќе се повлечеме од нашите амандмани, нема да поднесуваме амандмани, а Владата презеде обврска тоа што е договорено да го поднесе како текст до Собранието на Република Македонија. Факт е дека господинот министер за финансии не беше таму присутен, меѓутоа факт е дека вице премиерот презеде обврска и за овој закон не водевме долга дебата. Практично, кога го спомнавме предлогот и премиерот и вице премиерот рекоа, во ред, предлогот е добар и го прифаќам.

Не смее да ни се случи, заради ситна, некои велат техничка, некои велат политичка разлика, да упропастиме доверба која е основ да се договараме и во иднина. Ние како опозиција, на следните средби, јас веќе од сега најавувам, ќе бараме да се води записник, ако ништо друго барем на крајот да имаме хартија со која ќе кажуваме дали тоа што е договорено е така или поинаку. Премиерот нема многу среќа со записниците, бидејќи договорите ги смета за записници, но добро, и со записник ќе се согласиме. Меѓутоа за, велам, на вториот закон да не падне Собранието заради лоша комуникација помеѓу министрите на Владата на Груевски, јас предлагам денес да имаме еден заклучок во кој ќе дадеме зелено светло за законот, меѓутоа министерот ќе ни најави дека предлогот кој еве ќе го доставиме ние како СДСМ, ќе го поддржи како Владата, а тој ќе се најде на дневен ред на првата следна седница која ќе ја закаже претседателот на Собранието. Значи, да не комплицираме денес, денес да дадеме зелено светло на законот за буџети, меѓутоа, еве овде би побарала и од вас како потпретседател, меѓутоа и од министерот дека ќе овозможиме зелено светло на измени на законот кои ќе значат усогласување на законот со европската регулатива. Ако прифаќате еден ваков предлог, мислам дека можеме да одиме напред, да не се заглавиме по законот за буџети.

**Бесим Догани:** Благодрам.

Сепак за ова треба дискутирање.

Прво ќе го прашам министерот дали се согласува со ваков предлог, ако не тогаш одиме на координација помеѓу пратении групи.

Има збор министерот за финансии.

Министре, да ви објаснам, предлогот на господинот Шекеринска беше да се изгласа денес заклучокот, а промените, значи амандманот од ваша страна како Влада, да биде поднесен идната седница и тука да се изгласа целосно законот.

Имаме заклучок по оваа точка, може да го испратиме, а потоа одиме на претрес на текстот по законот.

Повелете министре.

**Трајко Славески:** Јас навистина жалам за оваа ситуација, секако се работи за наш пропуст.

Владата на Република Македонија е подготвена попладнево да изготви амандмани и да достави до Собранието за да може на оваа седница на некој начин да се оствари и договорот.

Ако од друга страна, јас се извинувам, во разговорот со господинот Ивановски за време на завршните зборови на госпоѓа Шекеринска и не сум сигурен дали правилно разбрав, ако се гласа по законот со тој заклучок што тука беше предложен и тоа е прифатливо решение.

**Бесим Догани:** Да, ама ако го изгласаме само заклучокот тогаш законот нема да биде донесен.

Според мое мислење има две можности, ќе разговараме и со службите околу тоа.

Првата можност е да ја префрлиме како последна точка, а втора можност е утре да го разгледаме. Јас мислам да го префрлиме...

Еве, има предлог господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, не се работи за предлог. Предлогот на госпоѓа Шекеринска беше многу јасен, да го изгласаме законот денес, да гласаме за законот, а дополнително ќе се предложат измени и дополнувања на законот, дали од Владата или од пратеничката група на СДСМ и да одиме напред. Тоа е предлогот, многу јасен.

**Бесим Догани:** Добро, тогаш го изгласуваме целиот закон не само заклучокот, бидејќи има и амандман.

Да, може на утрешната седница да се предложат промените.

Во ред, тогаш бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Ги молам службите да ми достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 68 пратеници, ве повикувам да гласаме.

За заклучокот гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 45, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закон.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаа 69 пратеници од нив 68 за, 1 воздржано,против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за условен пристап до заштитените електронски услуги.**

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за економија, повелете.

**Вера Рафајловска:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Најнапред дозволете ми да ви ја честитам Новата година и да ви посакам успешна работа.

Донесувањето на законот за условен пристап до заштитните електронски услуги произлегува од потребата за реализација на преземените обврски од страна на Република Македонија во врска со усогласување на националното законодавство со правото на Европската унија и исполнувањето на барањата содржани во директивите на Европската унија. Законот еусогласен со Директивата на Европската унија 9884 за правата за заштита на услуги кои се засноваат или опфаќаат условен пристап, Со оглед на тоа дека овој закон оди во две фази, а ова е првата фаза за која веќе сме договорени, накратко овој закон ги регулира принципите за условен пристап до заштитните електронски услуги, односно услугите на телевизиската радио дифузија, радиска радио дифузија и услугите од информатичко општество. Овој закон се однесува на правата на давателите на заштитните електронски услуги, кој воедно ги штити принципите на внатрешен пазар, бидејки овозможува слободен проток на производство и промет на направите за заштита на услугите, односно направите кои овозможуваат условен пристап. Исто така, овој закон го уредува и прашањето со кое се попречува производството на направите за условен престап, инсталирање и замена на овие направи, огласувања и други активности што сенаменети кон поттикнување на продажба или употреба на забранетата направа поради остварување комерцијални цели. Давателите на услугите се физички и правни лица. Овој закон,како што реков, надзор над него ќе спроведува Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за електронски комуникации во согласност со надлежностите утврдени во други закони.

Ова е накратко од Предлогот на законот кој оди во две фази, а ова е првата фаза. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо министер.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед на тоа што еден добар дел од суштината на законот кажа министерката, јас само сакам да укажам бидеки ова е прва фаза, да се внимава во втората фаза на усогласување со оригиналот на директивата, за да не бидеме доведени во непријатна ситуација како што беше случајотр со Законот за електронска трговија и во тој случај се надевам дека во втората фаза дека нема да има никакви проблеми во усогласувањето и изгласувањето на овој закон. Благодарма.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесвување на закон за условен пристап до заштитените електронски услуги.

Владата на Република Македонија ќе подготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за условен пристап до заштитенит еелектронски услуги, при што да ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предложениот заклучок гласаа 66 пратеници, од нив 65 гласаа за, 1 воздржано, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законо ти извештаите на работнит етела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со

мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Благодарам потпретседателе.

Основа на овој закон за заштита на децата е донесен во 2000 година и тој до сега има 3 измени. Основната цел или основната постапка од која се појде во измената на овој закон е во директивата на Советот на Европа, број 2000/43, но исто така во овој изменет закон се применети и одредени делови од Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата на Обединетите нации.

Со измените на овој закон практично се востановува еден систем во кој детето како објект сега се третира во Законот за остварувањето на правата, сега се става во активна улога, значи во улога на личност чие мислење и сугестии треба да се почитуваат и врз кое што заштитата на тие деца треба да се применат сите освен домашните и меѓународните стандарди.

Притоа мора да се каже дека во Република Македонија детскиот додаток како едно од основните права во заштита на децата и во овој закон се врши од година во година перманентно намалување на бројот на корисниците на детски додаток, што е резултат на намалениот наталитет во Република Македонија, но секако и на ниското ниво на цензусот што е применет во овој закон и заради кое потешко се доаѓа до остварувањето на ова право.

Значи со овие измени на Законот детето од сегашната пасивна улога која ја има како објект, кон кого се остваруваат системски утврдените норми и принципи и согласно меѓународните стандарди и конвенции со измените се предлага детето да биде главен субјект, како што реков, кон кого се насочува правото и остварувањето на сите форми на заштита на децата.

Со овој закон една од основните измени и придобивки е фактот дека сега, покрај сегашниот систем на заштита на децата, право на додаток на децата имаат само децата на вработените, децата на земјоделците кои вршат земјоделска регистрирана дејност и луѓето кои примаат паричен надоместок за време на привремената спреченост за работа.

Сега, поаѓајќи од Конвенцијата која ја спомнав, а која ги напаѓа односно е против сите форми на дискриминација на детето практично ќе се овозможува секое дете во Република Македонија не само на овие категории родители, туку и на сите други социјални и сиромашни семејства да имаат право на остварување на заштита преку користењето на ова право.

Исто така во процедурата и постапката на користење се даваат ингеренции на локалната самоуправа во отворањето на одредени установи и центри во кои ќе се применува заштита на децата и за која секако единицата на локалната самоуправа во рамките на расположивите материјални состојби ќе може да придонесува да востановува форми на заштита на детето.

Најголемиот број на одредби во измените се однесуваат на негирањето односно искоренувањето на секаква форма на осуда, на секаква форма на дискриминација врз детето, сите облици на сексуално искористување, сексуална злоупотреба, насилно водење трговија со деца, психичко малтретирање и т.н. Значи, секаков вид на дискриминација врз децата.

Дадените дефиниции што се подразбира под дете извршени се одредени измени во постапката и процедурата на цензусите за остварувањето на овие права.

Исто така одредбите кои сега беа содржани во подзаконски акти сега нормално, бидејќи регулираат права, се префрлаат во нивна законска регулатива односно од општите акти се префрлуваат регулативите во Законот за заштита на децата.

Она што е најбитно се финансиските средства. Имено, примената на овој закон бара навистина големи финансиски средства. Ако сега вкупно во Република Македонија за овие права се трошат околу 400 милиони денари практично сега со овие промени двојно се зголемува потрошувачката за остварените права од детската заштита со сите овие измени што сега ги набројував и се разбира претставува огромно материјално и финансиско оптоварување на Буџетот поради што гледате во преодните одредби е одредено дека десетината одредби кои предвидуваат нови финансиски импликации се одложува нивната примена до приемот на Република Македонија во членство во Европската унија, но тоа не значи дека и порано не може, доколку се создадат финансиски и други претпоставки во Буџетот, да почне реализација на новите форми на заштита на децата односно новите одредби во законот за заштита на децата.

Во Буџетот за 2008 година не се планирани вакви финансиски средства и поради тоа можеме да кажеме дека ја исполнуваме обврската од МТИ Програмата односно од усогласувањето на нашето законодавство со европското, но примената на овие одредби се одлага за подоцна, пред се реков заради големите материјални и финансиски ефекти што ги предизвикуваат новите одредби во Законот за заштита на децата. Толку накратко.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Мешков.

За збор се јави Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Сакам да реагирам на почетокот заради доцното разгледување на овој закон. Овој Закон беше

ставен на 56-та седница на Собранието на Република Македонија и покрај тоа што имаше европско знакче и покрај барањата на опозицијата на неколку наврати овие закони да добијат приоритет, ова беше еден од законите кој едноставно не беше приоритет за парламентарното мнозинство.

И покрај тоа ние се доведовме во ситуација овој закон да биде предложен по скратена постапка и покрај барањата на опозицијата, покрај барањата на невладиниот сектор кога имаме закони со ваква сериозна содржина кои имаат сериозни импликации врз една структура на граѓани особено кога станува збор за деца дека треба вакви законски решенија да се гледаат во две фази за да може потполно да се земат во предвид сите решенија, сите аспекти на прашањата кои треба да бидат опфатени со овој закон.

Ако се сеќавате таа седница беше тогаш закажана благодарение на претседателот на Собранието во петок во вечерните часови кога пратениците веќе беа заминати, се запознаа со новиот тек на седницата дека има нова седница во понеделникот кога веќе беа останати само два дена за поднесување на амандмани со што придонесе расправата по овој закон како и другите закони кои беа ставени на таа седница на ваков начин квалитативно да биде намален.

Јас се надевам дека министерот ќе ги прифати укажувањата дека ова во иднина не треба да се случува, дека треба да се избегнува скратената постапка уште повеќе заради тоа што сме сведоци дека сега е јануари и благодарение на договорот направен помеѓу власта и опозицијата овој закон, како и другите, доби приоритет во Собранието на Република Македонија.

До колку се има посериозен однос законот можеше да биде донесен во две фази и да имаме многу подобри решенија кои се укажани од страна на невладиниот сектор, меѓутоа и од страна на опозицијата.

За мене е нејасно зошто оние делови кои се корисни за оваа популација и кои одат во прилог на подобрата заштита на децата се одлагаат под изговор за немање на финансиски средства ако Владата безрезервно, без претходна анализа одвојува огромен дел на финансиски средства од Буџетот за кампањи кои се безполезни наместо тие средства да ги употреби за она што е навистина клучно во државата, а тоа во еден дел е заштита на детето.

Мислам дека нема подобар приоритет, нема друг поголем приоритет кога ќе споредувате дали кампањи за на пример колку ни е важен нашиот интегритет или самопочитта во споредба со средства одделени за заштита на децата и за детскиот додаток, јас сум убедена дека граѓаните многу повеќе би сакале парите што ги одвојуваат за да го наполнат Буџетот да се доделат на децата кои навистина го заслужуваат тоа, овие финансиски средства им се навистина преку потребни отколку за финансирање за лична промоција на кампањите кои во суштина претставуваат лична промоција на Владата.

Апелирам поголема сериозност во наредниот период при предлагање на вакви закони и нивно усвојување. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието господинот Благој Зашов).

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Преземајќи го водењето на седницата ќе ја искористам приликата на сите оние што лично не успеав да им пожелам се најубаво во Новата година тоа да го сторам од ова место, со надеж дека Собранието ќе работи многу, многу поефективно во оваа година отколку што беше тоа во минатата година. Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам потпретседателе.

Пратеничката група на СДСМ ќе го подржи законот иако сметавме дека е подобро и до сега од периодот кога беше предложен можевме и во две фази да го гласаме, меѓутоа сметаме дека е ова важна област не само заради европското законодавство, туку пред се заради децата чија заштита ја предвидува законот.

Јас би сакала да дадам само две сугестии кои, се надевам, во иднина ќе ги земе предвид и Министерството и министерот.

Едната се однесува на различните форми на дискриминација кон децата. Мислам дека членовите кои што се однесуваат, првите десетина, кои што ја забрануваат секаквата дискриминација врз децата се добра рамка. Меѓутоа, ни се јавува главниот проблем во спроведување на законите. Имено, ние знаеме дека за сите граѓани на Република Македонија забранета е дискриминацијата, меѓутоа свесни сме дека во секојдневниот живот различни ранливи групи, а тука особено спаѓаат децата се соочуваат со дискриминација. Главниот проблем е како да се гарантира заштитата од дискриминација, бидејќи многу малку институции сметаат дека се повикани да ја санкционираат дискриминацијата.

Јас сакам да најавам дека ќе дадеме поддршка на еден општ закон кој што генерално ќе се однесува на прашања на дискриминација кој што го бара владиниот сектор. Се надевам дека во тој закон Владата ќе предвиди на кој начин дискриминацијата ќе биде санкционирана, на кој начин државата ќе ја забранува дискриминацијата и врз основа на етничка, политичка вероисповест и јазик дискриминација, меѓутоа можеби Министерството за труд и социјална политика малку повеќе акцент треба да стави на заштита на децата.

Јасно ни е дека особено ранливите групи, особено кај социјално најзагрозените семејства, особено кај некои етнички групи, како што е на пример ромската дискриминацијата е правило, а

не исклучок и за жал многу наши институции се повлекуваат и сметаат дека некој друг треба да реагира.

Можеби центрите за социјална грижа треба да имаат многу поактивен пристап во решавањето на овие проблеми, меѓутоа тие до сега не го практикуваат тоа. Имаа прилично конзервативен, прилично реактивен пристап и реагираат само во екстремни ситуации каде што медиумите ќе предизвикаат интерес, наместо самите да водат сметка за тоа прашање.

Затоа, нашата сугестија е за прашањето за дискриминација на децата навистина една институција да биде многу поснажна и да го земе на себе тоа гајле и навистина да можеме да кажеме дека во оваа држава децата се заштитени.

Втората сугестија, можеби во некои следни измени на законот, се однесува на членот 14 каде што се зборува за правото на детски додаток. Се вели дека дете кое наполни, за трајно или подолго од една година ќе остане неспособно за работа има право на детски додаток за време на траењето на неспособноста на детето, но најдолго до 18 години живот.

Јас би сугерирала Министерството за труд и социјална политика во иднина да го ревидира овој став и да овозможи децата кои што се соочиле не само со социјална загрозеност, туку се соочиле и со болест да не бидат хендикепирани. Ние како држава кажавме дека децата ќе имаат задолжително средно образование, а сега на деца кои што се соочиле со здравствен проблем им велиме ќе имате детски додадок, меѓутоа тоа ќе биде само до 18 години. Што ќе се случи ако тие имале една година, или две години здравствен проблем поради кој што не можеле да следат основно или средно училиште. Ние им велиме мораш да одиш на училиште, но детски додаток државата не мора да ти дава. Затоа сугестијата би била во некои следни измени на законот, бидејќи ова е измена на Законот да се предвиди флексибилност и навистина на оние кои што имаат и социјален и здравствен проблем државата да им помогне малку помогне.

**Благој Зашов:** Благодарам за сугестиите госпоѓа Шеќеринска.

За збор се јави господин Васко Шутаров.

Се извинувам има предност министерот.

Повелете господине министер.

**Љупчо Мешков:** Сугестиите се апсолутно прифатливи.

Првата сугестија е она што треба комплетно и целосно да се регулира во еден посебен закон за антидискриминација и со кој што закон во Министерството веќе се прават подготовки за овој закон, така да се ова што пратеничката Шеќеринска зборуваше ќе најде место во тој закон.

Мислам дека и сугестијата во делот на децата кои што се стекнале со инвалидитет, не до 18 години туку да се продолжи тоа право.

Исто така, во една од наредните измени е прифатлива таа сугестија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Има збор господин Васко Шутаров.

**Васко Шутаров:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги, благодарност до колешката Шеќеринска за конструктивните забелешки во врска со овие измени и дополнувања. Во прилог на нејзина поддршка и заради тоа што современите европски концепти налагаат некаков подруг, попсежен и посериозен однос кон заштитата на децата.

Искуствата од многу земји покажуваат дека институцијата правобранител за заштита на детските права или детскиот омбуцман е многу корисна институција и е еден од најдемократските институти за заштита на правата на децата. Сметам дека и министерот и ние како парламентарно мнозинство, колегите од опозицијата треба да размислуваме и во контекст на носење на таков предлог на закон.

Уште едно искуство од други парламенти, од други европски земји.

Многу корисна собраниска активност е формирање на ниво на подкомитети или пододбори, или комисиско разгледување, третирање на правата и заштитата на децата.

Во тој контекст кога веќе имаме Комисија која третира теми која е во делот на антидискриминационата политика сметам дека вреди да се размисли и како Собрание и на оваа тема да формираме или да размислиме во правец за формирање на поткомитет или пододбор кој што би ја третирал оваа тема. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Шутаров.

За збор се јави госпоѓа Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓа Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господине министер, почитувани колеги пратеници,

Само заради информирање на колегите и јавноста веќе постои таков поткомитет односно Комитет кој што ги третира децата. Имено, Комисијата за еднакви можности си зеде за обврска да ги третира децата и нивните интереси во рамките на своите активности. Тоа беше договорено на самата Комисија во договор со сите членови и во координација со претседателот на Собранието, а беше иницијатива на канцеларијата на Уницеф во Македонија, во Скопје.

Значи, нивната сугестија беше да се третираат децата во една комисија посебно, или во поткомисија така што тоа го направивме на овој начин. Сега за сега, тоа функционира со тоа што секогаш, секое унапредување на третманот на оваа проблематика се разбира дека е добродојдено. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно колку што гласале 59, за заклучокот се изјасниле 57, воздржани 2 и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 54, колку што гласале, за се изјасниле 53, воздржани нема и еден против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Благородна Цветковска, Оливер Спласовски, Цветанка Иванова и Славица Грковска поднесоа амандмани на член 24 за бришење на став 2, и на член 92 за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 24 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Благородна Цветковска, Оливер Спасовски, Цветанка Иванова и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Љупчо Мешков:** Фактот дека износот на паќетот за новороденче, на опремата за новороденче по оваа алинеја која е предмет на расправа изнесува се на се 160 денари, а практично документите и процедурите кои треба да се спроведат коштаат повеќе од тоа, затоа ние се одлучивме за бришење на оваа алинеја, затоа што станува бесмислено 160 денари е целокупниот износ на опрема на новороденче и заради тоа го предложивме во Законот да се избрише оваа алинеја.

Израчунавме дека документацијата околу приходите, околу сето она што мора да извади документи и да поднесе е повеќе од 160 денари и затоа предлагаме да се брише и амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници со овој амандман ние предлагаме да остане одредбата на постоечкиот закон во кој што во членот 29 се одредуа висината на помошта за опрема за новороденче во зависност од остварениот месечен приход на семејството на подносителот на барањето за остварување право за опрема на новороденче, која изнесува 95% помалку од износот утврден во овој став за подносител на барање, чиј просечен месечен приход на семејство изнесува над 200% од основицата.

Сметаме дека оваа алинеја треба да остане. Јас очекувам парламентарното мнозинство да го испочитува договорот кој што е направен помеѓу пратениците од власта и од опозицијата, кој што во име на власта го водеше господинот Панче Димевски и да го прифати нашиот амандман заради тоа што беше дел од договорот направен меѓу работните групи во ова Собрание.

Јас се прашувам зошто Комисијата за еднакви можности не реагирала по ова прашање ако веќе сама на себе си преземала надлежност која согласно Деловникот не и следува и зошто не предложила амандман со кој што ќе се регулира дополнително ова прашање на начин на кој што нема да биде засегната ниту една од страните, меѓутоа ќе биде фер спрема оние чиј што просечен месечен приход е многу помал од 200% од основицата на месечна плата на Република Македонија.

Значи, апелирам да го почитувате договорот и амандманот да го прифатите. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпогице Грковска.

Министерот за труд и социјална политика се јави за збор.

**Љупчо Мешков:** Ако може да се исправам, амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 92 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Благородна Цветковска, Оливер Спасовски, Цветанка Иванова и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Љупчо Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Од името на предлагачите го повлекувам амандманот.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата како би можеле да пристапиме кон гласање.

Заради консултации давам 10 минути пауза.

(Пауза од 16,51 часот)

(По паузата)

**Благој Зашов:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата како би можеле да продолжиме со седницата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, како не би губеле време за да можеме да продолжиме со работата на Собранието.

Ги молам службите да пребројат колку пратеници се во салата како би можеле да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа.

За процедурално се јави господин Аднан Јашари.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Имајќи го предвид тоа дека расправаме за еден закон кој е донесен со двојно мнозинство, значи со Бадентер, додека истовремено и измените кои се усвоени се донесени со Бадентер, ме интересира господине потпретседателе како е во вашето сценарио овој закон. Дали ќе се гласа со двојно мнозинство или не? Ви благодарам.

**Благој Зашов:** По извршените консултации со службите, констатирано е дека овој закон не е во списокот на закони усвоен во Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, што значи дека не е предвидено негово донесување и со мнозинство гласови од присутните пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од овде произлегува дека сите закони кои не се во списокот на законите за Комитетот, во иднина ќе се донесуваат со такво мнозинство, како што е предвидено вообичаено.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Другиот потпретседател во моментот кога ја отвори расправата беше јасен и дециден. Тој меѓу другото нагласи дека се говори за закон кој треба да се донесе со двојно мнозинство. Во меѓувреме, вие господине потпретседателе, можеби сте имале договор и тоа што го кажавте вие не држи. Не држи од една едноставна причина. Доколку внимтелно го анализирате Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците ќе дојдете до заклучок дека во една одредба од овој закон меѓу другото јасно се нагласува дека законите кои се во согласност со уставниот амандман се во однос на одредени области, во кои области учествува и овој Предлог-закон, без оглед дека не се во списокот на закони, во согласност со Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, но и во согласност со уставниот амандман кој го уредува ова прашање, овој закон ценам дека треба да се донесе со Бадентер односно со двојно гласање. Имајќи го предвид ова што го кажав, додека во согласност со одредбите од Уставот, поради ова недоразбирање, предлагам за ова прашање да расправа Комитетот за односи меѓу заедниците. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

За збор се јави господин Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Благодарам господине потпретседателе.

Ќе ве потсетам дека ние во овој состав на Собранието имавме една ваква слична ситуација кога Собранието одлучи закон изгласан со двојно мнозинство да се изгласаат неговите измени и дополнувања со просто мнозинство. И, после имавме политичка криза во Македонија. Тогаш ни беше кажано дека службите утврдиле, процениле дека овие изменувања и дополнувања на Законот за радиодифузна дејност не се гласаа со двојно мнозинство.

Господине потпретседателе, во оваа држава има Устав, има и закони, има и тела кои се точно назначени со какви надлежности се. Во случај на спор при гласањето на одреден закон, компетентен е Комитетот за односи меѓу заедниците. Ќе ми дозволите да ве потсетам дека скоро изгласаниот Закон за Комитетот за односи меѓу заедниците има неколку члена. Има еден член кој ги уредува законите кои се гласаат со двојно мнозинство, какво мнозинство има, затоа што има закони кои треба да се гласаат со мнозинство на целиот број на пратениците кои не се од мнозинството. Има закони кои се гласаат со мнозинство на присутните и има една алинеја или став кој дословно вака вели: “Сите закони кои се однесуваат за јазикот, културата, идентитетот, особеностите исто така се гласаат со двојно мнозинство”, односно уставниот амандман е препишан како таков во оваа алинеја на членот 4 или членот 5, не сум сигурен на Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците. Така, лошо е и како порака да се испраќа дека Собранието на Република Македонија законите еднаш гласани, дури и изменувањата изгласани со двојно мнозинство, со поинакво читање, со поинакво толкување, со поинаков аршин сега да се изменуваат и да се дополнуваат со едно мнозинство, просто мнозинство. Најумното решение е и овие изменувања и дополнувања да се гласаат со таканаречениот Бадинтеров принцип, а ви кажувам дека ние тоа ќе го гласаме, затоа што презедовме обврска од Лидерската средба дека ќе ги поддржиме сите европски закони, така што не гледам никаква опасност дека нема да помине. Доколку не се случи најумното и најпаметното решение, единствен излез е да објавите прекин на седницава, Комитетот да свика седница и да донесе мислење, заклучок како ќе се пристапи кон гласањето. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Адеми.

Заради појаснување јас ќе го прочитам ставот 3 од Законот за Комитетот, за да може пратениците да размислат дали предлогот на господин Адеми има основа. Имено, се вели вака: “Собранието одлучува со мнозинство на гласови и од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, само кога се донесуваат измени и дополнувања на постојните донесени

закони и законите наведени во овој став и тоа за донесување на...” и понатаму се редат тие закони за кои е договорено така да биде по Законот за Комитетот. Од тука, според толкувањата што ни ги дадоа од службите, значи сите измени на овие закони што се наведени во ставот 3 од Законот за Комитетот, се донесуваат со Бадентерово мнозинство. Сите други закони што се донесени со Бадентеров принцип, но притоа не се во списокот на Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, нема во иднина да се донесуваат со Бадентеров принцип. Тоа е толкувањето на службите во Собранието.

Јас би молел уште за збор се јави господин Рафис Алити.

Повелете господине Алити да ве слушнеме и вас.

**Рафис Алити:** Благодарам господине потпретседател.

Мислам дека оваа практика која што се настојува да се создаде тука во Собранието не е добра, затоа што на овој начин се обидувате да создадете нова практика. Тоа што го кажа мојот колега Џеват Адеми, случајот со Законот за радиодифузија се знае како заврши и каде заврши, така што вашите објаснувања дека службите дале такво толкување, не држат. Ние сме тука избрани, ние ќе ги коментираме законите, а не службите. Тоа што кажа и мојот колега Комитетот за односи меѓу заедниците постои и доколку сте имале дилема од оваа природа, сте требале да се обратите до Комитетот, а не до службите на Собранието, затоа што ние го знаеме ставот на службите. Тоа што вие ќе им кажете, всушност тоа и ќе го направат тие и така ќе го толкуваат, така што јас во име на парламентарната група на ДУИ ви кажувам дека ние ќе го гласаме овој Предлог-закон, меѓутоа нема да дозволиме и нема да се согласиме да се гази тоа што е гарантирано со Уставот. Бараме еден час пауза.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Алити.

И јас би сакал да кажам дека ниту законите, ниту Уставот ќе се газат, туку напротив ќе работиме како што е предвидено во Уставот и законите. Со оглед на истеченото време, бараната пауза и предлогот Комитетот за односи меѓу заедниците да се состане, ја прекинувам овде седницата и објавувам дека Комитетот треба да се состане и да даде толкување на Законот за Комитетот и за конкретниот случај. Благодарам.

Продолжуваме со работа утре во вообичаено време во 11,00 часот, а Комитетот ќе се состане според договорот и со известување преку СМС пораки.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот)